**МАКЕДОНСКА БЕРЗА АД СКОПЈЕ**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА

**на Македонската берза АД Скопје за 2007 година**

**Скопје, Февруари 2008 година**

## 1. ВОВЕД

Извештајот за работа на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје во 2007 година ги содржи главните фактори и околности (деловно окружување) кои што влијаеле на работењето на Берзата во 2007 година, основните карактеристики на берзанското работење, осврт на остварените резултати од тргувањето со хартии од вредност, активностите поврзани со котацијата, членството и надзорот на тргувањето, преземените активности за промоција на Берзата и едукација на пошироката јавност, нормативните активности, меѓународна соработка, инвестиционите активности, како и извештај за финансиското работење по годишната сметка за 2007 година.

## 2. ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ

Во текот на 2007 година работењето на Берзата го детерминираа повеќе фактори, кои воглавно имаа позитивно влијание врз функционирањето на организираниот секундарен пазар на хартии од вредност во Република Македонија. Притоа, се оценува дека особено треба да се апострофира влијанието на следните главни фактори и околности кои го креираа деловното окружување за работа на Берзата во 2007 година:

- Зголемена транспарентност во работењето на компаниите котирани на Берзата, како во делот на објавување на информации за финансиското работење на котираните акционерски друштва, така и во делот на објавување на други ценовно чувствителни информации;
- Дополнителен прилив на странски портфолио инвеститори од регионот, што предизвика понатамошно зголемување на локалната побарувачка и прилагодување на другите пазарни учесници на таа ситуација;
- Очекувања на пазарните учесници за стратешки превземања на дел од котираните компании;
- Функционирање на приватните пензиски фондови во Република Македонија, кои во 2007 година веќе почнаа позабележително да бидат присутни на пазарот на хартии од вредност. Воедно, понатамошно позиционирање на домашните и странските инвеститори во врска со однесувањето на приватните пензиски фондови како нови институционални инвеститори на пазарот;
- Официјален почеток со работа на првите инвестициони фондови во Република Македонија;
- Позначајно учество во прометот на домашните физички лица;
- Голем број на котирани банки на Берзата во услови на нагласена раздвиженост во банкарскиот сектор и преземање на две котирани банки;
- Усогласување на легислативата во земјата и на пазарниот амбиент во функција на отпочнатите процеси за интеграција на РМ во Европската Унија;
- Позитивни очекувања и на домашните и на странските инвеститори;
- Поволен даночен амбинет;
- Ниска инфлација;
- Стабилен девизен курс;
- Стабилно економско, политичко и безбедносно окружување;
- Функционална институционална пазарна инфраструктура.

## 3. ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

### *3.1. Основни карактеристики*

Основни карактеристики на тргувањето во 2007 година се:

- Вкупниот промет (по сите основи) во 2007 година изнесуваше 41.702.320.447 денари (околу 682 милиони евра), што е за 34,45 % повеќе во споредба со 2006 година;
- Остварениот промет на "класичното" тргување во 2007 година изнесуваше 30.404.479.894 денари[1] (околу 496,9 милиони евра), што е за 181,66% повеќе во споредба со 2006 година;
- Прометот остварен со акции (Официјален и Редовен пазар) во 2007 година изнесуваше 28.844.638.931 денари (околу 471,4 милиони евра), што е за 236,78% повеќе во споредба со 2006 година;
- Во 2007 година е остварен промет со обврзници од 1.559.840.963 денари (околу 25,4 милиони евра), што е за 30,05% помалку во споредба со 2006 година;
- Во 2007 година реализирани се продажби на акции и удели по пат на јавни берзански аукции во вкупна вредност од 96.326.524 денари (околу 1,5 милиони евра), што е за 98,45% помалку во споредба со 2006 година;
- Во 2007 година на Берзата се пријавени 116 блок трансакции во вкупна вредност од 11.201.514.029 денари (околу 183,06 милиони евра), што е за 19,82% помалку во споредба со 2006 година. Најголемо учество во прометот со блок трансакции имаа реализираните блок трансакции со акциите на Комерцијална банка АД Скопје во вредност од 3.240.629.660 денари, остварени преку 34 трансакции што претставува 28,93% од вкупниот промет преку блок трансакции и реализираната блок трансакција со акциите на ЕВН Македонија во вредност од 3.043.537.577 денари што преставува 27,17% од вкупниот промет преку блок трансакции ;
- Во структурата на прометот доминираат трансакциите склучени на Официјалниот пазар со 48,15% учество во вкупниот промет на Берзата во 2007 година;
- На крајот на 2007 година на котација на Официјалниот пазар беа котирани акции на 38 друштва;
- Пазарната капитализација на котираните акции достигна 113 милијарди денари (околу 1.853 милиони евра) и бележи пораст од 122,45%, додека пазарната капитализација на обврзниците достигна 20.3 милијарди денари (331.6 милиони евра) што претставува опаѓање за 9,48% во споредба со 2006 година.

Со цел согледување и споредување на резултатите од тргувањето на Берзата за 2007 и 2006 година, во продолжение се презентира и табеларен приказ на сумарните берзански податоци за периодот Јануари-Декември 2007 година и Јануари-Декември 2006 година, како и структурата на прометот остварен во 2007 година.

[1] При пресметување на "класичното тргување" на Берзата не се вклучени прометите остварени на јавните берзански аукции и пријавените блок трансакции.

| | Јануари-Декември 2006 | Јануари-Декември 2007 | % ПРОМЕНА |
|---|---|---|---|
| **ПРОМЕТ (денари)** | | | |
| **КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ** | **10.794.815.753** | **30.404.479.894** | **▲181,66%** |
| АКЦИИ | 8.564.838.251 | 28.844.638.931 | ▲236,78% |
| ОБВРЗНИЦИ | 2.229.977.502 | 1.559.840.963 | ▼30,05% |
| ***ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН ПРОМЕТ (денари)*** | ***42.836.570*** | **123.095.060** | **▲187,36%** |
| ***ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ*** | ***208*** | ***574*** | **▲175,96%** |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | **13.970.939.088** | **11.201.514.029** | **▼19,82%** |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ** | **6.237.256.707** | **96.326.524** | **▼98,45%** |
| **ДРУГИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | **14.921.940** | - | - |
| **ВКУПНО** | **31.017.933.488** | **41.702.320.447** | **▲34,45%** |
| **БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ** | | | |
| **КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ** | **52.326** | **141.858** | **▲171,10%** |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | **204** | **116** | **▼43,14%** |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ** | **399** | **10** | **▼97,49%** |
| **ДРУГИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | **1** | **-** | **-** |
| **ВКУПНО** | **52.930** | **141.984** | **▲168,25%** |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА ( денари)** | | | |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА АКЦИИ** | **86.482.150.528** | **288.765.400.791** | **▲233,90%** |
| БЕРЗАНСКА КОТАЦИЈА-АКЦИИ | 51.021.283.559 | 113.499.105.893 | ▲122,45% |
| ПАЗАР НА ЈАВНО ПОСЕДУВАНИ ДРУШТВА | 35.460.866.969 | 175.266.294.898 | ▲394,25% |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА ОБВРЗНИЦИ** | **22.436.317.815** | **20.309.065.558** | **▼9,48%** |
| **ВКУПНО ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА** | **108.918.468.343** | **309.074.466.349** | **▲183,77%** |
| **МБИ-10** | **3.702,54** | **7.740,79** | **▲109,07%** |
| **МБИД** | **-** | **8.413,56** | **-** |
| **ОМБ** | **99,06** | **105,58** | **▲6,58%** |
| **БРОЈ НА КОТИРАНИ ДРУШТВА** | **43** | **38** | **▼11,63%** |
| **БРОЈ НА ДЕНОВИ НА ТРГУВАЊЕ** | **252** | **247** | **▼1,98%** |

**Структура на прометот во периодот Јануари- Декември 2007 год.**

| Пазарен сегмент | Промет во денари | Промет во ЕВРА | % | Број на транс. |
|---|---|---|---|---|
| **ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | **20.079.421.764** | **328.203.122** | **48,15** | **95.892** |
| **РЕДОВЕН ПАЗАР** | **10.325.058.130** | **168.764.168** | **24,76** | **45.966** |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | **11.201.514.029** | **183.063.537** | **26,86** | **116** |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ** | **96.326.524** | **1.574.405** | **0,23** | **10** |
| **ВКУПНО** | **41.702.320.447** | **681.605.231** | **100,00** | **141.984** |




## *3.2. Анализа на остварениот промет од класичното тргување по месеци*

Во текот на 2007 година на Берзата е остварен промет од “класичното” тргување во износ од 30.404.479.894 денари (околу 496,9 милиони евра).
За подобро согледување на остварените резултати од “класичното” тргување на Берзата во 2007 година, во продолжение презентираме графички и табеларен приказ на тргувањето по месеци, односно квартали во 2007 година.

**Промет од “класичното” тргување по месеци во 2007 година**



| Месец | Официјален пазар | | Редовен пазар | Промет во денари | Промет во ЕВРА | Бр. на транс. | Бр. на ден. на тргув. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Акции | Обврзници | Акции | | | | |
| Јануари | 545.424.942 | 159.213.910 | 69.183.727 | 675.534.925 | 11.040.912 | 5.879 | 20 |
| Февруари | 1.205.166.009 | 66.515.747 | 274.894.192 | 1.546.575.948 | 25.276.246 | 10.358 | 20 |
| Март | 1.958.762.471 | 141.492.559 | 642.783.952 | 2.743.038.982 | 44.839.817 | 16.530 | 22 |
| **Вкуп. I квартал** | **3.709.353.422** | **268.934.562** | **986.861.871** | **4.965.149.855** | **81.156.976** | **32.767** | **62** |
| Април | 2.449.628.322 | 209.474.367 | 1.284.522.245 | 3.943.624.934 | 64.470.018 | 21.173 | 19 |
| Мај | 2.686.365.869 | 124.859.595 | 1.124.774.899 | 3.936.000.363 | 64.340.832 | 19.769 | 20 |
| Јуни | 946.808.736 | 146.208.839 | 438.640.709 | 1.531.658.284 | 25.036.866 | 8.532 | 21 |
| **Вкуп. II квартал** | **6.082.802.927** | **480.542.802** | **2.847.937.853** | **9.411.283.582** | **153.847.716** | **49.474** | **60** |
| Јули | 1.018.548.995 | 95.858.019 | 468.432.637 | 1.582.839.651 | 25.872.285 | 7.980 | 22 |
| Август | 2.606.529.040 | 58.213.785 | 519.271.317 | 3.184.014.142 | 52.052.473 | 14.101 | 21 |
| Септември | 1.930.555.929 | 111.803.495 | 1.367.044.440 | 3.409.403.864 | 55.733.498 | 13.407 | 20 |
| **Вкуп. III квартал** | **5.555.633.964** | **265.875.299** | **2.354.748.394** | **8.176.257.657** | **133.658.255** | **35.488** | **63** |
| Октомври | 1.292.250.384 | 384.116.167 | 3.395.383.043 | 5.071.749.594 | 82.894.225 | 11.462 | 20 |
| Ноември | 1.302.391.103 | 88.700.358 | 297.297.099 | 1.688.388.560 | 27.584.367 | 7.529 | 22 |
| Декември | 577.149.001 | 71.671.775 | 442.829.870 | 1.091.650.646 | 17.825.750 | 5.138 | 20 |
| **Вкуп. IV квартал** | **3.171.790.488** | **544.488.301** | **4.135.510.012** | **7.851.788.801** | **128.304.343** | **24.129** | **62** |
| **ВКУПНО** | **18.519.580.801** | **1.559.840.963** | **10.325.058.130** | **30.404.479.894** | **496.967.289** | **141.858** | **247** |

## *3.3. Структура на промет од класичното тргување по пазарни сегменти*

Прометот на Официјалниот пазар на Берзата во 2007 година (20.079 милиони денари) е остварен преку 95.892 трансакции и учествува во вкупниот промет од класичното тргување со 66,04%. Од тоа, 18.519 милиони денари отпаѓаат на тргувањето со акции (92,23%) при што се склучени 89.738 трансакции, додека прометот со обврзници изнесува 1.559 милиони денари (7,77%) и истиот е остварен преку 6.154 трансакции.

Остварениот промет на Редовниот пазар на Берзата (10.325 милиони денари) учествува во вкупниот промет од класичното тргување во 2007 година со 33,96% и 45.966 трансакции. Од тоа, 5.847 милиони денари отпаѓаат на тргувањето остварено на пазарот на јавно поседувани друштва (57,26%) и овој промет е остварен преку 42.540 трансакции, додека на слободниот пазар се остварени 4.478 милиони денари (42,74%) преку 3.426 трансакции.

За подобро согледување на структурата на прометот во 2007 година, во продолжение презентираме табеларен и графички приказ на тргувањето по пазарни сегменти.

**СТРУКТУРА НА КЛАСИЧНИОТ ПРОМЕТ ВО 2007 ГОДИНА**

| Пазарен сегмент | Промет (денари) | Промет (ЕВРО) | % | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | | | | |
| ***АКЦИИ*** | **18.519.580.801** | **302.709.203** | **92,23** | **89.738** |
| обични | 18.488.128.027 | 302.195.081 | 99,83 | 89.513 |
| приоритетни | 31.452.774 | 514.121 | 0,17 | 225 |
| ***ОБВРЗНИЦИ*** | **1.559.840.963** | **25.493.919** | **7,77** | **6.154** |
| **ВКУПНО ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | **20.079.421.764** | **328.203.122** | **66,04** | **95.892** |
| **РЕДОВЕН ПАЗАР** | | | | |
| ***АКЦИИ*** | **10.325.058.130** | **168.764.167** | **100,00** | **45.966** |
| ***пазар на јавно поседувани друштва*** | **5.847.142.541** | **96.625.928** | **57,26** | **42.540** |
| обични | 5.710.443.863 | 94.391.424 | 97,69 | 41.424 |
| приоритетни | 136.698.678 | 2.234.504 | 2,31 | 1.116 |
| ***слободен пазар*** | **4.477.915.589** | **72.138.239** | **42,74** | **3.426** |
| обични | 4.477.790.589 | 72.136.196 | 99,997 | 3.425 |
| приоритетни | 125.000 | 2.043 | 0,003 | 1 |
| **ВКУПНО РЕДОВЕН ПАЗАР** | **10.325.058.130** | **168.764.167** | **33,96** | **45.966** |
| **ВКУПНО СИТЕ ПАЗАРИ** | **30.404.479.894** | **496.967.289** | **100,00** | **141.858** |







## *3.4. Блок трансакции*

Во текот на 2007 година на Берзата беа пријавени 116 блок трансакции во вкупна вредност од 11.201.514.028,57 денари (околу 183 милиони ЕВРА), при што беа истргувани вкупно 5.158.166 акции. Најголемо учество во прометот со блок трансакции имаше продажбата на 462.263 акции на Комецијална банка АД Скопје, во вредност од 3.240.629.660,00 денари, реализиран преку 34 блок трнасакции како и прометот во вредност од 3.043.537.577 денари остварен преку една блок трансакција со акциите на ЕВН Македонија.

Вредноста на блок трансакциите во 2007 година е за 19,82 % помала од вредноста на блок трансакциите остварена во 2006 година. Обемот на истргувани акции во 2007

година изнесува 5.158.166, што е за 61,84% помалку во споредба со 2006 година кога беа реализирани вкупно 13.516.271 акции. Бројот на пријавени блок трансакции во 2007 е за 43,14% помал во споредба со 2006 година, кога беа пријавени вкупно 204 блокови.

На Официјалниот пазар на Берзата се реализирани 65 блок трансакции во вкупна вредност од 4,2 милијарди денари (69 милиони ЕВРА), додека на Редовниот пазар се реализирани 51 блок трансакции во вкупна вредност од 6,9 милијарди денари (113 милиони ЕВРА).

Во продолжение го презентираме прегледот на пријавените блок трансакции по месеци во 2007 година.

| | ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР | | | РЕДОВЕН ПАЗАР | | | ВКУПНО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Месец | Промет во денари | Промет во евра | Број на транс. | Промет во денари | Промет во евра | Број на транс | Промет во денари | Промет во евра | Број на транс. |
| Јануари | 42.750.000 | 698.928 | 2 | 3.504.899.051 | 57.277.220 | 5 | 3.547.649.051 | 57.976.148 | 7 |
| Февруари | 201.790.756 | 3.297.676 | 9 | 191.623.489 | 3.132.066 | 2 | 393.414.245 | 6.429.742 | 11 |
| Март | 280.470.284 | 4.584.845 | 10 | 89.660.588 | 1.465.644 | 7 | 370.130.872 | 6.050.489 | 17 |
| Април | 645.672.551 | 10.556.277 | 7 | 136.757.438 | 2.235.941 | 5 | 782.429.989 | 12.792.218 | 12 |
| Мај | 0 | 0 | 0 | 352.787.635 | 5.767.591 | 7 | 352.787.635 | 5.767.591 | 7 |
| Јуни | 142.046.460 | 2.322.047 | 6 | 0 | 0 | 0 | 142.046.460 | 2.322.047 | 6 |
| Јули | 1.125.403.720 | 18.397.824 | 14 | 154.343.796 | 2.523.043 | 6 | 1.279.747.516 | 20.920.867 | 20 |
| Август | 37.088.000 | 606.332 | 2 | 217.888.200 | 3.562.448 | 1 | 254.976.200 | 4.168.780 | 3 |
| Септември | 179.994.628 | 2.941.249 | 3 | 44.253.684 | 723.418 | 2 | 224.248.312 | 3.664.667 | 5 |
| Октомври | 1.384.990.312 | 22.636.286 | 10 | 204.193.723 | 3.338.310 | 4 | 1.589.184.035 | 25.974.596 | 14 |
| Ноември | 193.686.099 | 3.163.467 | 2 | 1.768.043.030 | 28.882.025 | 4 | 1.961.729.129 | 32.045.492 | 6 |
| Декември | 0 | 0 | 0 | 303.170.585 | 4.950.901 | 8 | 303.170.585 | 4.950.901 | 8 |
| **ВКУПНО** | **4.233.892.810** | **69.204.931** | **65** | **6.967.621.219** | **113.858.607** | **51** | **11.201.514.029** | **183.063.538** | **116** |

Од вкупно 22 членки, 16 членки пријавија на Берзата блок трансакции. Нивната структура од аспект на пријавените блок трансакции може да се види од следната табела.

**Преглед на реализирани блок трансакции по членки[2]**

| Членка | Број на блок трансакции | | | Промет во денари | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | купува | продава | вкупно | Купува | продава | вкупно | % |
| Комерцијална банка АД Скопје | 22 | 29 | 51 | 1.821.481.159 | 2.383.823.839 | 4.205.304.998 | 25,77 |
| Илирика Инвестментс АД Скопје | 15 | 10 | 25 | 2.844.262.354 | 816.329.284 | 3.660.591.638 | 22,44 |
| Фершпедброкер АД Скопје | 22 | 19 | 41 | 1.087.600.773 | 1.277.985.473 | 2.365.586.246 | 14,50 |
| УНИ Банка АД Скопје | 1 | 2 | 3 | 12.000.000 | 1.712.447.070 | 1.724.447.070 | 10,57 |
| НЛБ Тутунскаброкер АД Скопје | 11 | 10 | 21 | 915.803.707 | 443.133.527 | 1.358.937.234 | 8,33 |
| БРО-ДИЛ АД Скопје | 5 | 5 | 10 | 530.508.353 | 530.508.353 | 1.061.016.706 | 6,50 |
| Инвестброкер АД Скопје | 6 | 7 | 13 | 283.439.196 | 330.867.996 | 614.307.192 | 3,77 |
| Иново Брокер АД Скопје | 9 | 8 | 17 | 271.725.974 | 231.418.014 | 503.143.988 | 3,08 |
| ТТК Банка АД Скопје | 10 | 11 | 21 | 145.140.888 | 185.448.848 | 330.589.736 | 2,03 |
| Стопанска банка АД Скопје | 5 | 5 | 10 | 129.617.200 | 129.617.200 | 259.234.400 | 1,59 |
| Поштел Брокер АД Скопје | 2 | 2 | 4 | 37.350.000 | 37.350.000 | 74.700.000 | 0,46 |
| Публикум АД Скопје | 2 | 2 | 4 | 20.901.413 | 20.901.413 | 41.802.826 | 0,26 |
| Алта Виста брокер АД Скопје | 1 | 1 | 2 | 20.592.000 | 20.592.000 | 41.184.000 | 0,25 |
| Ауцтор брокери АД Скопје | 1 | 1 | 2 | 15.176.000 | 15.176.000 | 30.352.000 | 0,19 |
| ЕУРО Брокер АД Скопје | 2 | 2 | 4 | 12.777.635 | 12.777.635 | 25.555.270 | 0,16 |
| Охридска банка АД Охрид | 1 | 1 | 2 | 9.600.000 | 9.600.000 | 19.200.000 | 0,12 |
| **ВКУПНО** | **115** | **115** | **230** | **8.157.976.652** | **8.157.976.652** | **16.315.953.304** | **100,00** |

## *3.5. Јавни берзански аукции*

Во текот на 2007 година на Берзата се одржаа вкупно 3 јавни берзански аукции на кои што се продаваа акции и удели во сопственост на Фондот на ПИОМ.
На одржаните јавни берзански аукции во 2007 година беа склучени вкупно 9 трансакции и беше остварен промет од 56.022.146,00 денари. При тоа:

- Преку 5 трансакции беа истргувани акциите на 4 акционерски друштва при што беше остварен промет од 50.909.522 денари;
- Беа истргувани уделите во 4 друштва и остварен промет 5.112.624,00 денари.

Во 2007 година преку Јавни берзански аукции за големи пакети се истргуваа 6.458 обични акции на ТТК Банка АД Скопје преку една трансакција, при што беше остварен промет во вредност од 40.304.378 денари.

## *3.6 Учество на странски и домашни инвеститори во вкупниот промет*

Врз основа на податоците добиени од Централниот депозитар за хартии од вредност, а кој се однесуваат за учеството на странските и домашните инвеститори во вкупниот промет на Берзата, во продолжение е презентирана табела за нивното учество во вкупниот промет по месеци во 2007 година.

[2] Блок трансакцијата со акциите на АД ЕСМ Скопје не е прикажана во овој преглед. Согласно Одлука на Владата оваа блок трансакција не се одвиваше со посредство на брокерски куќи/дирекции за работа со хартии од вредност. Поради тоа, во овој преглед вкупниот број на блок трансакции и прометот од блок трансакциите се разликува од останатите табели.

| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Продажба МК физички | 41,12% | 54,12% | 65,94% | 50,88% | 52,08% | 55,25% | 45,54% | 61,14% | 58,43% | 25,65% | 64,59% | 31,77% |
| Продажба МК правни | 48,72% | 38,92% | 20,19% | 38,37% | 24,06% | 19,10% | 10,78% | 26,21% | 19,94% | 59,19% | 12,29% | 45,04% |
| **ВКУПНО (%)** | **89,84%** | **93,04%** | **86,13%** | **89,25%** | **76,14%** | **74,35%** | **56,32%** | **87,35%** | **78,37%** | **84,84%** | **76,88%** | **76,81%** |
| Продажба странски физички | 4,32% | 2,12% | 2,80% | 2,99% | 5,39% | 4,46% | 3,25% | 2,11% | 5,36% | 2,29% | 3,18% | 2,61% |
| Продажба странски правни | 5,84% | 4,83% | 11,08% | 7,77% | 18,47% | 21,19% | 40,43% | 10,54% | 16,27% | 12,86% | 19,93% | 20,57% |
| **ВКУПНО (%)** | **10,16%** | **6,95%** | **13,88%** | **10,76%** | **23,86%** | **25,65%** | **43,68%** | **12,65%** | **21,63%** | **15,15%** | **23,11%** | **23,18%** |
| Купување МК физички | 22,18% | 31,72% | 44,16% | 40,00% | 45,83% | 35,63% | 20,25% | 44,44% | 39,43% | 16,84% | 20,69% | 32,45% |
| Купување МК правни | 8,62% | 13,44% | 14,08% | 15,07% | 13,18% | 17,07% | 12,15% | 21,59% | 24,53% | 15,43% | 13,23% | 42,30% |
| **ВКУПНО (%)** | **30,8%** | **45,16%** | **58,24%** | **55,07%** | **59,01%** | **52,70%** | **32,40%** | **66,03%** | **63,96%** | **32,27%** | **33,92%** | **74,75%** |
| Купување странски физички | 2,24% | 4,01% | 5,14% | 4,68% | 6,07% | 10,06% | 2,92% | 4,14% | 2,69% | 2,70% | 2,78% | 2,85% |
| Купување странски правни | 66,96% | 50,83% | 36,62% | 40,24% | 34,92 | 37,24% | 64,68% | 29,83% | 33,35% | 65,04% | 63,30% | 22,39% |
| **ВКУПНО (%)** | **69,20%** | **54,84%** | **41,76%** | **44,92%** | **40,99%** | **47,30%** | **67,60%** | **33,97%** | **36,04%** | **67,74%** | **66,08%** | **25,24%** |

Од вкупниот промет остварен на Берзата во 2007 година, 19.588.531.415 денари (319.551.899 Евра) припаѓаат на прометот остварен од купување на хартии од вредност од страна на странските инвеститори, додека 7.313.287.684 денари (119.303.225 Евра) остварени се преку продавање на хартии од вредност на странските инвеститори на домашниот пазар (вкупниот промет е без блок трансакцијата на ЕСМ од Јануари 2007 година).

## *3.7. Македонски Берзански Индекс – МБИ-10, Индекс на Јавно поседувани друштва МБИД и Индекс на обврзници на Македонската берза ОМБ*

### *3.7.1. Македонски Берзански Индекс – МБИ-10*

На последниот ден на тргување во 2007 година (28.12.2007), вредноста на МБИ-10 изнесуваше 7.740,79 индексни поени, што претставува зголемување од 109,07% во споредба со вредноста на индексот на последниот ден на тргување во 2006 година, кога МБИ-10 изнесуваше 3.702,54 индексни поени.

Највисока вредност на МБИ-10 во 2007 година беше постигната на 31.08.2007 година (10.057,77 индексни поени), додека најниска вредност на индексот беше забележана на 04.01.2007 година (3.802,38 индексни поени).

Согласно Методологијата за пресметување на Македонски берзански индекс МБИ-10, на 18.06.2007 година и 17.12.2007 година Комисијата за берзански индекс изврши редовни ревизии на МБИ-10. Во ревизијата на Индексот МБИ-10 на 18.06.2007 година се применуваше изменета Методологија за пресметување, во која беше воведено ограничување дека уделот на ниту една акција во составот на индексот не смее да надминува 25%. Согласно критериумите за пресметување на МБИ-10, ревизијата од 17.12.2007 година беше извршена со изменета Методологија за пресметување, во која беше воведена можност за користење на “зона на рангирање”, според која за една акција која е елемент на МБИ-10 да излезе од индексот, истата треба да е рангирана на

13-то место или подолу и за една акција која не е елемент на МБИ-10 влезе во индексот истата треба да е рангирана на 7-то место или погоре.

На крајот од 2007 година елементи на МБИ-10 се обичните акции на следните 10 котирани друштва: Алкалоид АД Скопје, Топлификација АД Скопје, Комерцијална банка АД Скопје, Макпетрол АД Скопје, Стопанска банка АД Битола, Гранит АД Скопје, Бетон АД Скопје, Тетекс Ад Тетово, Охридска банка АД Охрид и Макстил АД Скопје.




### *3.7.2. Индекс на Јавно поседувани друштва МБИД*

Од 18.06.2007 година, Македонската берза започна со пресметување и објавување на новиот Индекс на јавно поседувани друштва – МБИД со базна вредност од 10.000 индексни поени на 15.06.2007 година. Имајќи ја во предвид хетерогеноста на компаниите чии акции се тргуваат на Пазарот на јавно поседувани друштва на Македонската берза, како од аспект на големината на капиталот, така и од аспект на ликвидноста, согласно Методологијата за негово пресметување, МБИД е ценовен непондериран индекс чии составни елементи се избираат имајќи ги во предвид следниве критериуми: број на денови на тргување и остварен промет во периодот помеѓу две ревизии на индексот. Петнаесетте избрани акции кои беа први елементи на МБИД сочинуваа околу 87% од вкупниот промет на Пазарот на јавно поседувани друштва во претходниот квартал.

Во текот на 2007 година беа извршени две редовна и една вонредна ревизија на индексот МБИД.

На последниот ден на тргување во 2007 година (28.12.2007), вредноста на МБИД изнесуваше 8.413,56 индексни поени. Највисока вредност на МБИД во 2007 година беше постигната на 24.08.2007 година (11.470,22 индексни поени), додека најниска вредност на индексот беше забележана на 03.12.2007 година (7.728,37 индексни поени).

На 31.12.2007 година елементи на МБИД се обичните акции издадени од следните акционерски друштва: Фабрика за цевки 11 Октомври АД Куманово, Арцелормиттал Скопје (ХРМ) АД Скопје, Фабрика за кабли АД Неготино, Струмица Табак АД Струмица, Арцелормиттал Скопје(ЦРМ) АД Скопје, Македонски телекомуникации АД Скопје, Силекс банка АД Скопје, Стопанска банка АД Скопје, Прилепска пиварница

АД Прилеп, Кјуби Македонија АД Скопје, Тутунска банка АД Скопје, УНИ банка АДСкопје, Фабрика Карпош АД Скопје и МЗТ ХЕПОС АД Скопје.




### *3.7.3. Индекс на обврзници - ОМБ*

Согласно Методологијата за пресметување на Индексот на обврзници на Македонската Берза ОМБ, Комисијата за берзански индекс на 15.01.2007 година, 16.04.2007 година, 16.07.2007 година и 15.10.2007 година изврши редовни ревизии на Индексот на обврзници ОМБ. Комисијата утврди дека елементи на ОМБ се: Обврзниците за намирување на побарувањата на граѓаните по основ на депонираните девизни влогови (РМ 01), Обврзниците за денационализација -Прва емисија (РМДЕН 01), Обврзниците за денационализација -Втора емисија (РМДЕН 02), Обврзниците за денационализација -Трета емисија (РМДЕН 03), Обврзниците за денационализација -Четврта емисија (РМДЕН 04), Обврзниците за денационализација -Петта емисија (РМДЕН 05) и Обврзниците за денационализација -Шеста емисија (РМДЕН 06). Согласно Методологијата, според учеството на секоја обврзница-елемент на индексот во вкупното тргување со обврзници во периодот помеѓу две ревизии, Комисијата го утврди влијанието на секој елемент на ОМБ врз движењето на индексот, при што влијанието на ниту еден елемент не смее да надминува 30%.

На последниот ден на тргување од 2007 година (28.12.2007), вредноста на ОМБ изнесуваше 105,58 индексни поени, што значи пораст од 6,58% во споредба со вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување од 2006 година кога ОМБ изнесуваше 99,06 индексни поени. Највисока вредност на ОМБ во 2007 година беше постигната на 28.12.2007 година (105,58 индексни поени), додека најниска вредност на индексот беше забележана на 10.01.2007 година (97,36 индексни поени).




## *3.8. Структура на прометот по членки*

Остварениот берзански промет во 2007 година е реализиран преку активностите на 22 членки на Берзата.

Најголемо учество во вкупниот промет изразен во денари во тргувањето на Берзата оствари членката Комерцијална Банка АД Скопје со учество од 20,91%. На второ и трето место се НЛБ Тутунска брокер АД Скопје и ИНОВО БРОКЕР АД Скопје со учество од 11, 61% и 9, 41%.

Во продолжение ја презентираме табелата за учеството на членките на Берзата во остварениот промет во 2007 година. Податоците се базираат врз двојно пресметување (и при купување и при продавање) со цел да се инкорпорира и активноста на членките во вкрстените трансакции, со исклучок на податоците за тргувањето со државните хартии од вредност каде е прикажана само куповната страна.

**Учество на членките на Берзата во реализираниот промет во 2007 година**

| Членка | Класично тргување | % Класично тргување | Блокови | % Блокови | Држава | % Држава | Вкупно | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Комерцијална банка АД Скопје | 11.934.811.344 | 19,63 | 4.205.304.998 | 25,77 | 519.890 | 0,93 | 16.140.636.231 | 20,91 |
| НЛБ Тутунска брокер АД Скопје | 7.593.960.292 | 12,49 | 1.358.937.235 | 8,33 | 8.369.400 | 14,94 | 8.961.266.926 | 11,61 |
| ИНОВО БРОКЕР АД Скопје | 6.762.933.229 | 11,12 | 503.143.988 | 3,08 | 17.325 | 0,03 | 7.266.094.542 | 9,41 |
| ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје | 3.221.998.529 | 5,3 | 3.660.591.638 | 22,44 | 0 | 0 | 6.882.590.167 | 8,92 |
| Фершпед Брокер АД Скопје | 3.825.681.027 | 6,29 | 2.365.586.245 | 14,5 | 9.735.900 | 17,38 | 6.201.003.173 | 8,03 |
| Бро-Дил АД Скопје | 3.028.922.677 | 4,98 | 1.061.016.704 | 6,5 | 31.280.000 | 55,84 | 4.121.219.382 | 5,34 |
| ТТК Банка Скопје | 3.119.244.224 | 5,13 | 330.589.736 | 2,03 | 2.928.896 | 5,23 | 3.452.762.855 | 4,47 |
| БИТОЛА БРОКЕР АД Битола | 3.311.942.429 | 5,45 | 0 | 0 | 27.336 | 0,05 | 3.311.969.765 | 4,29 |
| ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје | 2.464.828.515 | 4,05 | 614.307.192 | 3,77 | 0 | 0 | 3.079.135.707 | 3,99 |
| Стопанска Банка АД Скопје | 2.776.582.014 | 4,57 | 259.234.400 | 1,59 | 0 | 0 | 3.035.816.414 | 3,93 |
| ЕУРОброкер АД Скопје | 2.718.508.760 | 4,47 | 25.555.270 | 0,16 | 0 | 0 | 2.744.064.030 | 3,56 |
| Универзална Инвестициона Банка АД Скопје | 943.788.149 | 1,55 | 1.724.447.070 | 10,57 | 0 | 0 | 2.668.235.219 | 3,46 |
| Алта Виста брокер АД Скопје | 2.589.897.576 | 4,26 | 41.184.000 | 0,25 | 3.143.400 | 5,61 | 2.634.224.976 | 3,41 |
| МАК Брокер АД Скопје | 2.537.908.915 | 4,17 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.537.908.915 | 3,29 |
| Поштел Брокер АД Скопје | 1.519.468.242 | 2,5 | 74.700.000 | 0,46 | 0 | 0 | 1.594.168.242 | 2,07 |
| Охридска Банка АД Охрид | 1.115.597.595 | 1,83 | 19.200.000 | 0,12 | 0 | 0 | 1.134.797.595 | 1,47 |
| ВИП АД Скопје | 720.738.994 | 1,19 | 0 | 0 | 0 | 0 | 720.738.994 | 0,93 |
| Публикум АД Скопје | 316.736.825 | 0,52 | 41.802.826 | 0,26 | 0 | 0 | 358.539.651 | 0,46 |
| Силекс Банка АД Скопје | 140.839.858 | 0,23 | 0 | 0 | 0 | 0 | 140.839.858 | 0,18 |
| КБЦ СЕКЈУРИТИС АД Скопје | 128.114.194 | 0,21 | 0 | 0 | 0 | 0 | 128.114.194 | 0,17 |
| АУЦТОР БРОКЕРИ АД СКОПЈЕ | 23.420.932 | 0,04 | 30.352.000 | 0,19 | 0 | 0 | 53.772.932 | 0,07 |
| Динев Брокер АД Скопје | 13.035.468 | 0,02 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13.035.468 | 0,02 |
| **Вкупно** | **60.808.959.788** | **100** | **16.315.953.302** | **100** | **56.022.147** | **100** | **77.180.935.236** | **100** |

# 4. КОТАЦИЈА

## 4.1. Пазарна капитализација

На почетокот на 2007 година на официјалниот пазар на Берзата беа котирани акциите на 43 акционерски друштва, со пазарна капитализација од 51 милијарда денари, како и 13 државни обврзници со пазарна капитализација од 22,4 милијарди денари.

На крајот од 2007 година бројот на котирани друштва на официјалниот пазар на Берзата изнесува 38, со пазарна капитализација од 113,5 милијарди денари, што претставува пораст од 122,45%, при што треба да се има предвид помалиот број на

котирани друштва во однос на почетокот на годината. На крајот од 2007 година бројот на котирани државни обврзници изнесува 15, со пазарна капитализација од 20,3 милијарди денари, што претставува намалување за 9,48%, при што треба да се имаат во предвид достасаните ануитети за обврзниците и предвремениот откуп на Континуираната државна обврзница бр.2 во 2005 година и Обрзницата за санација на Стопанска банка АД Скопје.

### 4.2. Нови котации

На 12.02.2007 година Македонската берза започна со примена на новите Правила за котација, со кои на Официјалниот пазар се воведе нов подсегмент Супер котација. Четири друштва се одлучија за котација на своите акции на овој подсегмент: Инвестбанка АД Скопје, Комерцијална банка АД Скопје, Топлификација АД Скопје и Бетон АД Скопје.

Во текот на 2007 година беа котирани следните хартии од вредност:

- 26.02.2007 година: Континуираната државна обврзница бр.3 во 2006 година издадена од Република Македонија.
- 09.03.2007 година: Шестата емисија на обврзници за денационализација издадени од Република Македонија.
- 27.11.2007 година: Континуираната државна обврзница бр.1 во 2007, Континуираната државна обврзница бр.2 во 2007 и Континуираната државна обврзница бр.3 во 2007 година, издадени од Република Македонија.
- 24.12.2007 година: Континуираната државна обврзница бр.4 во 2007, издадена од Република Македонија.

### 4.3. Исклучувања од котација

Во текот на 2007 година беа исклучени од котација следните хартии од вредност:

- 22.01.2007 година: Континуираната државна обврзница бр.2 во 2005 година издадена од Република Македонија поради извршен предвремен откуп од страна на Министерството за финансии.
- 09.02.2007 година: Акциите издадени од Факом АД Скопје (неисполнување на критериумите за котација од точка 2.04. од Правилата за котација).
- На 09.02.2007 година: Акциите издадени од Европа АД Скопје (на нивно барање).
- 04.05.2007 година: Акциите издадени од Карпош АД Скопје (на нивно барање).
- 04.05.2007 година: Обрзницата за санација на Стопанска банка АД Скопје издадена од Република Македонија, по барање на Министерството за финансии, поради предвремен откуп на обврзницата.
- 13.07.2007 година: Акциите издадени од Отекс АД Охрид (поради недоставување на финансиски извештаи и ценовно чувствителни информации, како и поради неисполнување на финансиските обврски кон берзата по основ на котацијата).
- 24.12.2007 година: Акциите издадени од Киро Ќучук АД Велес (на нивно барање).

## 4.4. Активности во врска со одредени котирани друштва

### *4.4.1. Објавување на ценовно чувствителни информации*

Освен постапувањето по обврската за објавување на финансиски извештаи, котираните друштва во текот на 2007 година објавија вкупно 210 информации поврзани со објавени повици за свикување на собрание на акционери и одлуки на органите на управување на друштвата и 164 други ценовно чувствителни информации. Од котираните друштва, во однос на објавувањето на ценовно чувствителни информации, шест друштва немаат објавено ниту една информација.

Во текот на 2007 година Берзата перманентно го следеше движењето на цените на одредени котирани акции и при континуирани значителни пораст или опаѓања на цените беа остварувани телефонски контакти и беа испраќани дописи до издавачите со барање да ја информираат Берзата доколку поседуваат одредени ценовно чувствителни информации кои би можеле да влијаат на порастот на цената на акциите. Така, во 2007 година беа испратени дописи со барање за известување за постоење на ценовно чувствителна информација до 19 котирани друштва, од кои 15 друштва објавија известувања преку СЕИ-НЕТ за поседување/непоседување на такви информации.

### *4.4.2. Прекини на тргување*

Во 2007 година, со почетокот на примена на новите Правила за котација на хартии од вредност, започнаа да се применуваат и новите одредби согласно кои во сите случаи на ненавремено објавување на содржината на одредени одлуките донесени од собранието на акционери, Берзата врши времен прекин на тргувањето со тие акции, се до објавувањето на донесените одлуки. По тој основ, во 2007 година беше времено суспендирано тргувањето со акциите издадени од следните акционерски друштва: Макстил АД Скопје, ОХИС АД Скопје и АДГ Маврово - Скопје.

Поради необјавување на информации значајни за работењето на акционерското друштво, Берзата времено го прекина тргувањето со следните акции: Бетон АД Скопје, ЕМО АД Охрид и ОХИС АД Скопје. Овие прекини на тргувањето беа предизвикани поради објавување на информации од официјални лица во јавноста, без притоа да се извести Берзата за истото (во случајот на Бетон АД Скопје - за можна продажба на пакет акции на стратешки инвеститор, а во случајот на ЕМО АД Охрид и ОХИС АД Скопје - поради заклучок за стопирањето на продажбата на државните акции во двете акционерски друштва). По објавувањето на потребните информации, тргувањето со предметните акции продолжуваше.

Во една ситуација, времено беше прекинато тргувањето со акциите на Бетон АД Скопје поради очекување на ценовно чувствителна информација за промени на сопственоста при кои одредени сопственици се стекнале со повеќе од 5% од главнината на акции со право на глас на друштвото.

### *4.4.3 Објавување на финансиските извештаи*

Од аспект на објавувањето на ревидираните финансиски извештаи од страна на котираните друштва, во текот на 2007 година сите котирани друштва ја исполнија

обврската за објавување на ревидираните годишни финансиски извештаи за 2006 година.

Во поглед на обврската за објавување на неревидираните квартални биланси на успех, обрската ја исполнија сите котирани друштва освен ОХИС АД Скопје кој не објави ниту еден биланс на успех и Киро Ќучук АД Велес кој не го достави Билансот на успех за периодот од 01.01.-30.09.2007 (Киро Ќучук АД Велес во тој период побара декотација од официјалниот Пазар). Котираните друштва воглавно се придржуваа кон роковите за објавување на финансиските извештаи согласно Правилата за котација, освен неколку од нив каде беше забележано доцнење (особено таа ситуација се повторуваше кај следните друштва: Киро Ќучук АД Велес, АДГ Маврово Скопје и Тутунски комбинат АД Прилеп)

### *4.4.4. Изречени суспензии и јавни опомени*

На 27.11.2007 Одборот на директори на Македонската берза донесе одлука за изрекување на јавна опомена на АДГ Маврово Скопје поради тоа што друштвото не објавило известување за настанатите измени во сопственичката структура на капитално поврзаните друштва. На истата седница Одборот донесе Одлука за времен прекин со тргувањето со хартиите од вредност издадени од АДГ Маврово Скопје на Берзата во времетраење од 7 дена и одлука за привремено суспензија од котација на тие акции почнувајќи од ден 28.11.2007 година, во рок не подолг од 30 дена од денот на отпочнување на важење на суспензијата. Дополнително, на 24.12.2007 година беше донесена нова одлука за суспензијата од котација на Официјалниот пазар на Берзата на хартиите од вредност издадени од АДГ Маврово Скопје почнувајќи од ден 28.12.2007 година, веднаш по завршувањето на претходната суспензија на 27.12.2008 година, во рок не подолг од 30 дена од денот на отпочнување на важење на суспензијата.

Одборот на директори на Македонската Берза АД Скопје, на седница одржана на 24.12.2007 година донесе Одлука за изрекување на мерката јавна опомена на ОХИС АД Скопје, заради недоставување на тримесечни, шестмесечни и деветмесечни кумулативни, неконсолидирани, неревидирани Биланси на успех во текот на 2007 година.

На седницата на Одборот на директори на Македонската берза одржана на 24.12.2007 година беше разгледана „Информација за состојбата со исполнувањето на обврските од страна на котираните друштва”. Врз основа на Информацијата Одборот заклучи да се преземат соодветни мерки, согласно Правилата за котација, кон издавачите кои не ги исполнуваат обврските за објавување на финансиски извештаи и кои доцнат со објавување на финансиските извештаи; да се потсетат издавачите на обврските и сериозноста од непочитување на Правилата за котација за објавување на ценовно чувствителни информации (особено нефинансиските) и за можните санкции од непочитувањете на обврските; да се воведат измени во Правилата за котација најдоцна до крајот на првиот квартал од 2008 година (во насока на воведување на обврска за објавување на целосните ревидирани финансиски извештаи од страна на сите котирани компании; подобрување на комуникацијата на котираните друштва со акционерите и инвеститорите; објавување преку СЕИ-НЕТ на известувањата на друштвата од регистарот на Комисијата за хартии од вредност; потпишување на изјави од страна на одговорните лица од котираните друштва за веродостојност и точност на податоците

објавени преку СЕИ-НЕТ; усогласување на финансиските извештаи согласно барањата на Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување и директивите на ЕУ итн.)

### 4.5. Останати активности во врска со котацијата

Користејќи ги податоците од добиените ревидирани финансиски извештаи од котираните друштва за 2006 година, како и податоците од тргувањето, Македонската Берза изработи "Факти за котираните друштва 2006/2007". Фактите беа изготвени во електронска форма и на 06.07.2007 година беа објавени на интернет страницата на Македонската берза.

Во текот на 2007 година се одржаа повеќе состаноци на Пилот-програмата за унапредување на корпоративното управување, под покровителство на Проектот за деловно опкружување на USAID, во кој, меѓу другите учествуваше и Македонската берза, како и претставници на неколку котирани друштва на официјалниот пазар на берзата.

## 5. ЧЛЕНСТВО

### 5.1. Членки на Берзата

Во текот на 2007 година бројот на овластени учесници, членки на Македонска берза АД Скопје, се зголеми за шест нови членки, додека на една членка трајно и престана членството во Берзата. Оттаму, на крајот од 2007 година вкупниот број членки на Берзата изнесува 22, од кои 6 се банки, а 16 се брокерски куќи, со структура на овластувањата на членките на Берзата за вршење услуги согласно член 94 од Законот за хартии од вредност како што следува:

- банките и 4 брокерски куќи, односно вкупно 10 членките на Берзата работат со овластување за вршење на сите услуги од член 94 од Законот за хариии од вредност;
- 3 брокерски куќи работат со овластување за вршење услуги согласно член 94 ставови а), в), ѓ) и е) од Законот за хариии од вредност;
- 9 брокерски куќи работат со овластување за вршење услуги согласно член 94 ставови а), ѓ) и е) од Законот за хариии од вредност.

Одборот на директори на седницата одржана на ден 03.09.2007 година донесе одлуки за прием на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност ВИП АД Скопје, СЕНЗАЛ СКОПЈЕ АД Скопје и ПУБЛИКУМ АД Скопје во членство на Берзата. По приемот во членство, сите три брокерски куќи навремено ги исполнија обврските утврдени во Правилата за членство и на ден 13.09.2007 година започнаа да ги користат правата од членство во Берзата, односно започнаа со тргување со хартии од вредност. Членката СЕНЗАЛ СКОПЈЕ АД Скопје тргува под шифрата СЗ, членката ВИП АД Скопје тргува под шифрата ВП и членката ПУБЛИКУМ АД Скопје тргува под шифрата ПБ.

Понатаму, Одборот на директори на седниците одржани на ден 31.10.2007 година, 27.11.2007 година и 24.12.2007 година соодветно донесе одлуки за прием на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност Динев брокер АД Скопје, Ауцтор Брокери

АД Скопје и Бета Брокер АД Скопје во членство на Берзата. По приемот во членство, сите три брокерски навремено ги исполнија обврските утврдени во Правилата за членство со цел започнување на остварување на правата од членство, при што соодветно на временскиот период во кој беа исполнувани обврските, во текот на 2007 година две од новите членки започнаа да ги користат правата од членство во Берзата. Имено, Динев брокер АД Скопје започна да тргува со хартии од вредност од ден 20.11.2007 под шифрата ДН, додека Ауцтор Брокери АД Скопје започна да тргува со хартии од вредност од ден 11.12.2007 година под шифрата АК.

На ден 26.11.2007 година, Комисијата за хартии од вредност донесе Решение бр.08-3537/1 со кое изрече мерка одземање на дозвола на брокерската куќа МАК Брокер АД Скопје за вршење на услуги со хартии од вредност поради настанување на променети околности во работењето на членката, односно поради укинување на дозволата за основање и работење на Македонска банка АД Скопје, како единствен основач и акционер на членката. Со донесеното Решение, Берзата беше задолжена веднаш по приемот на истото да ја исклучи од членство членката МАК Брокер АД Скопје. Оттаму, на седницата одржана на 07.12.2007 година, Одборот на директори на Берзата донесе одлука за трајно исклучување од членство во Берзата на членката МАК Брокер АД Скопје.

Покрај мерката ”трајно исклучување од членство” спрема членката МАК БРОКЕР АД Скопје, во текот на 2007 година, постапувајќи по задолжение на Комисијата за хартии од вредност, Берзата изрече мерка ”привремено исклучување од членство” спрема две членки.

Во рамките на саморегулирачката функција на Берзата, Одборот на директори на Берзата на седница на која присуствуваа и членови на Управниот одбор на Централен депозитар на хартии од вредност АД Скопје, донесе одлука за суспендирање од тргување со хартии од вредност на брокерската куќа МАК Брокер АД Скопје која мерка беше во сила од 26.06.2007 година до 23.07.2007 година, по основ на непорамнување на блок трансакцијата бр.133066 со акциите изедени од „Благој Ѓорев”АД Велес склучена на 03.08.2006 година на Македонската берза АД Скопје. Одборот на директори на Берзата на својата LXII седница одржана на 31.10.2007 година изрече дисциплинска мерка “опомена со известување на сите членки на Берзата за донесената дисциплинска одлука” спрема брокерската куќа МАК БРОКЕР АД Скопје, во врска со дисциплинската постапка поведена против истата, во рамките на која се испитуваше постапувањето на членката при склучување и пријавување на блок трансакцијата бр.133066 со акциите издадени од Благој Ѓорев АД Велес.

### 5.2. Овластени брокери

По однос на лицата вработени како овластени брокери кај членките на Македонската берза АД Скопје кои имаат право за пристап до БЕСТ системот во име на членката, состојбата е следна:

- На почетокот на 2007 година бројот на овластени брокери со доделени кориснички имиња за користење на БЕСТ системот изнесуваше 61 лице. Во текот на 2007 година 17 овластени брокери се стекнаа со статусот овластен брокер со дозвола на

пристап до БЕСТ системот и на истите им беа доделени кориснички имиња, додека на пет овластени брокери им се укина правото за пристап до БЕСТ системот по барање на членките. На крајот од 2007 година бројот на овластени брокери со право за пристап до БЕСТ системот на Берзата изнесува 73 лица. Овластените брокери кои во текот на 2007 година се стекнаа со право за пристап до БЕСТ системот на Берзата ги посетуваа потребните стандардни обуки и полагаа посебен стручен испит организиран од Берзата за познавање на БЕСТ системот и Правилата за тргување на Берзата.

- Во текот на 2007 година особено беа изразени појавите на миграција на лиценцирани брокери од една во друга членка, пред се, како резултат на зголемувањето на бројот на членки на Македонската берза и потребата од нивно кадровско екипирање. Вкупно 11 овластени брокери со право за пристап до БЕСТ системот мигрираа со своите работни места од една во друга членка, при што на секого од брокерите, со престанувањето на нивниот работен во соодветната членка, соодветно му се регулираше правото за пристап до БЕСТ системот на Берзата.

Во текот на 2007 година, постапувајќи по задолжение на Комисијата за хартии од вредност, Берзата изрече мерка "времено суспендирање од тргување" спрема еден овластен брокер со право за пристап до БЕСТ системот на Берзата.

### 5.3. Други активности во делот на членството

На 15.03.2007 година стапија во сила новите Правила за членство на Берзата при што Берзата благовремено со допис ги извести сите членки за новините содржани во истите во однос на претходно важечките акти на Берзата во делот на членството. Воедно, со денот на отпочнувањето на примената на Правилата за членство, овластените брокери кои во моментот на отпочнување на примена на овие правила имаа активни кориснички имиња за тргување во БЕСТ системот до Берзата доставија изјава дека се запознаени со актите на Берзата, дека истите ги прифаќаат и дека ќе ги почитуваат. До Берзата беа доставени и податоци за лицето одговорно за следење и почитување на законите, другите правни прописи, правилата на Берзата и другите акти на членката и изјава од органот на управување за брокерската куќа, а за овластена банка изјава од работоводниот орган на банката дека ги прифаќаат овие Правила. Сите членки на Берзата го усогласија своето работење со Правилата за членство на Берзата во предвидениот рок.

Во текот на 2007 година Берзата ги водеше и редовно ги ажурираше регистарот на членки и регистарот на брокери, согласно одредбите на Правила за членство на Берзата.

## 6. НАДЗОР ВО ТРГУВАЊЕТО

Во текот на оваа година, Македонската берза АД Скопје континуирано ја спроведуваше функцијата на надзор над тргувањето со хартии од вредност. Оваа активност, пред се, подразбираше вонтеренско следење на тргувањето на Берзата и соодветни интервенции на Берзата во извесни ситуации, чија крајна цел беше одржување на ефикасен и стабилен пазар на хартии од вредност, како и одржување на

здрав пазарен амбинет и доверба на широката инвестициска јавност во субјектите на пазарот на хартии од вредност.

Во рамките на надзорната функција на Берзата беа утврдени одредени ситуации во тргувањето со хартии од вредност заради чие надминување, по иницијатива на Берзата, Групацијата за работење со хартии од вредност при Стопанска комора на РМ во неколку наврати закажуваше состаноци на кои што присуствуваа претставници на Берзата, Групацијата и Централниот Депозитар за хартии од вредност, брокерските куќи/банките и други релевантни институции. Целтта на состаноците беше разгледување на актуелните проблеми со кои се соочуваат членките кои влијаат на целокупното работење на учесниците на пазарот на хартии од вредност, а кои пред сé се однесуваа на сé позачестените барања од страна на членките на Берзата за ревидирање и поништување на склучените трансакции, како и прашањето во врска со моделите за спречување на (не)порамнување на берзански трансакции, позајмување на хартии од вредност, формирање на гаранти фондови и др. Исто така, актуелно прашање за кое се разговараше на еден од состаноците во Групацијата и на кој присуствуваше и претседателот на Комората на извршители, беше прашањето во врска со актуелните проблеми кои произлегуваат при извршувањето преку продажба на хартии од вредност од страна на извршителите. После одржаните состаноци во Групацијата, следуваше средба со претставници на Комисијата за хартии од вредност на која беше дискутирано за истите теми, како и за понатамошно унапредување на соработката помеѓу Комисијата за хартии од вредност и овластените учесници на пазарот на хартии од вредност.

Во рамките на надзорната функција, засилена активност од страна на Берзата беше забележана при постапката за проверување на документација за пријавени блок трансакции во периодот после стапувањето на сила на Правилата за тргување. Притоа, во две ситуации, поради проценка дека можат да бидат повредени законските прописи и актите на Берзата, Берзата не објави пријавени две блок трансакции.

Во рамките на надзорната функција на Берзата, а со цел почитување на основните принципи на законитост, ефикасност и транспарентност во функционирање на пазарот на хартии од вредност на кои се базира работењето на Берзата, со одлука на Одборот на директори на Берзата беше поништена трансакцијата бр.305285 со акции издадени од КИК АД Куманово преку која беа истргувани 17.000 обични акции по цена од 2.817 денари по акција, во вкупен износ од 47.889.000 денари. Имено, после склучувањето на трансакцијата, од страна на Комисијата за хартии од вредност до Берзата беше доставен допис за понатамошно постапување во прилог на кој доставено беше Решението бр.164/07 донесено од Основниот суд Куманово на ден 17.07.2007 година, врз основа на кое е утврдено дека на правното лице-продавач во трансакцијата му е изречена мерка за забрана за располагање, отуѓување, ставање под залог, управување или оптоварување на друг начин на 17.000 обични акции со право на глас кои оваа друштво ги поседува во АД КИК Куманово.

Во рамките на своите надлежности и овластувања, Македонската берза АД Скопје во текот на 2007 година спроведе редовна непосредна контрола на работењето на овластените учесници во тргувањето - членки на Берзата, при што во периодот од 05.09.2007-28.11.2007 година беше извршена контрола на 17 членки, а со контролата беше опфатено работењето на членките на Берзата во периодот од 01.01.2007 година

заклучно со денот на кој што беше извршена контролата во дадената членка. Целта на контролата беше да се утврди степенот на усогласеност на работењето на членките со законските и подзаконските прописи со кои се регулира работењето со хартии од вредност и актите на Берзата, како и да се зајакне надзорната функција на Берзата како саморегулирачка институција. Врз основа на наодите од контролите на работењето на овластените учеснички во тргувањето-членки на Берзата беа изготвени записници и истите беа доставени до секоја членка поединечно. По завршувањето на контролите беше подготвен извештај за контролите кој беше разгледан од страна на Одборот на директори и беа усвоени заклучоци кои од него произлегоа. Притоа, беше заклучено усвоените заклучоци во форма на генерални препораки да им бидат доставени на членките на Берзата, а кај членките кај кои во текот на контролата се утврдени неправилности или неусогласности во работењето актите на Берзата, да се продолжи со постапување од страна на Берзата согласно Правилата за однесување и дисциплина на Берзата.

Во текот на оваа календарска година, од страна на Комисијата за хартии од вредност беше извршена една редовна контрола на работењето на Берзата на ден 25.12.2007 година и две вонредни теренски контроли. Записникот на Комисијата за хартии од вредност од извршената редовна теренска контрола не беше доставен до Берзата до крајот на овој извештаен период. Вонредните теренски контроли на Берзата од страна на Комисијата за хартии од вредност беа спроведени во врска со блок трансакцијта со акциите на Силекс Банка АД Скопје објавена на ден 02.11.2007 година и во врска со настаните со АДГ Маврово Скопје поврзани со објавениот повик за Собрание на акционери од страна на лице задолжено од судот и задоцнетето објавување на ценовно чувствителни информации преку СЕИ НЕТ од страна на друштвото. Во рамките на контролите, на преставниците на Комисијата за хартии од вредност им беа доставени копии од документацијата со која располага Берзата во врска во наведените ситуации.

## 7. АКТИ НА БЕРЗАТА И НОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Во 2007 година, главните нормативни активности на Берзата беа насочени кон постапки поврзани со актите донесени од Одборот на директори на Берзата во текот на 2006 година што произлегуваа од усогласувањето на работењето на Берзата со одредбите од Законот за хартии од вредност, и нивно имплементирање во работењето на Берзата по приемот на согласноста за применување на актите од страна на Комисијата за хартии од вредност.

Имено, по однос на Правилата за членство, Правилата за однесување и дисциплина и Правилата за арбитража, Комисијата за хартии од вредност донесе решенија со кои беше дадена согласност на иститие, така што Правилата за арбитража, Правилата за членство и Правилата за однесување и дисциплина стапија на сила на 15.03.2007 година.

Во периодот од приемот на согласноста на овие правила од страна на Комисијата за хартии од вредност (12.02.2007 година) до нивното стапување на сила, Берзата ги превзема потребните активности во насока на подготвување на документи и избор на тела кои произлегуваат од самите правила. Така, во соработка со Централниот депозитар за хартии од вредност беше подготвена арбитражната спогодба која согласно Правилата за арбитража задолжително се потпишува од сите членки на Берзата и

Депозитарот. Во врска со Правилата за членство, од страна на Берзата до членките беа доставени предлози за содржината на изјавата од органот на управување на членката за прифаќање на Правилата и изјавата од лицето одговорно за следење и почитување на законите, другите правни прописи, правилата на Берзата и другите акти на членката. Во врска со Правилата за однесување и дисциплина, од страна на Одборот на директори на Берзата на седницата одржана на 09.03.2007 година беше донесена Одлука за избор на членови на Дисциплинската комисија.

Новите Правила за тргување на Берзата стапија на сила на 08.08.2007 година, по давањето на согласност на Правилата за тргување на Берзата од страна Комисијата за хартии од вредност. Во врска со нивната примена, Одборот на директори на 13.07.2007 година ги донесе одлуките кои произлегуваат од Правилата за тргување со кои се регулираат технички прашања во врска со тргувањето со хартии од вредност на Берзата, а чие донесување согласно Правилата е во надлежност на Одборот на директори. Во однос на примената на новите правила за тргување, Берзата организираше состаноци со претставници на членките, на кои беа истакнати сите новини што се воведуваат со Правилата за тргување со хартии од вредност.

На седницата на Одборот на директори одржана на ден 13.07.2007 година беше донесена и Одлука за престанување на важење на Правилата за работа на Берзата поради фактот што Законот за хартии од вреднст не го предвидува постоењето на овие правила, а со цел избегнување на двојство на прописи што регулираат иста материја. Одредбите од Правилата за работа регулираа материја која се однесува на управувањето на Берзата, тргувањето со хартии од вредност на Берзата и други области, кои се веќе регулирани со Статутот на Берзата, Правилата за тргување и другите акти на Берзата.

Во рамките на постапката за давање согласност од страна на Комисијата за хартии од вредност на Одлуката бр.02-2211/1 за измени и дополнувања на Статутот на Берзата донесена од Собранието на акционери на Берзата на 09.11.2006 година, Комисијата за хартии од вредност на ден 25.01.2007 година и на ден 19.03.2007 година до Берзата достави соодветни дописи во кои беа истакнати формалните и суштинските забелешки и препораки во однос на направените измени и дополнувања на Статутот. Поради тоа, како и поради фактот што во меѓувреме дојде до измени на Законот за трговски друштва, кој од своја страна наметна потреба од усогласување на работењето на Берзата со овој закон во рамките на законски предвиден рок, при што постоеја и препораки од КХВ за вкупниот број на членови на Одборот на директори на Берзата и предлог од група акционери кои поседуваат мнозински пакет на акции во Берзата за бројот на членови на Одборот на директори на Берзата, на седницата одржана на 12.04.2007 година Одборот на директори го утврди текстот на Предлог-Одлуката за измени и дополнувања на Одлука бр.02-2211/1 за измени и дополнувања на Статутот на Македонската берза, согласно која се предложи намалување на вкупниот број на членови на Одборот на директори на Берзата од 13 на 9 членови.

На XX седница на Собранието на акционери на Берзата која се одржа на 10.05.2007 година, меѓу другото, беше донесена Одлуката за измени и дополнувања на Одлука бр.02-2211/1 за измени и дополнувања на Статутот на Македонската берза и Одлука за зголемување на основната главнина на Македонска берза АД Скопје со средства на друштвото.

После одржувањето на Годишното акцинерско собрание на Берзата, Одлуката за измени и дополнувања на Одлука бр.02-2211/1 за измени и дополнувања на Статутот на Македонската берза беше доставена до Комисијата за хартии од вредност за согласност и после добивањето на истата беше подготвен пречистен текст на Статутот. Со ова беа исполнети сите предуслови за отпочнувањето на работата на новиот состав на Одборот на директори на Берзата, и истиот започна да ја извршува својата работа во изменет состав во месец Јуни 2007 година.

По одржувањето на Собранието на акционери на Берзата, беше спроведена постапката околу зголемувањето на основната главнина на Берзата со средства на друштвото преку издавање на трета емисија на акции по пат на приватна понуда согласно законските и подзаконските одредби. Во текот на месец Септември беше извршен упис на зголемувањето на основната главнина на Берзата во Централниот регистар на РМ на што му претходеше донесување на Одлука за утврдување на пречистен текст на Статутот на Берзата од страна на Одборот на директори на Берзата, со цел ажурирање на висината на основната главнина и вкупниот број на издадени акции на Берзата после зголемувањето. Во предвидените законски рокови беше извршен упис на зголемувањето на основната главнина на Берзата во Централниот регистар, во акционерската книга на Берзата која за води во Централниот депозитар АД Скопје и за истото беа известени сите акционери на Берзата и Комисијата за хартии од вредност.

Со цел подобрување на содржините на англиската верзија на веб страницата на Берзата и зголемување на транспарентноста во работењето на Берзата согласно правилата за корпоративно управување, во текот на месец Август беше направен превод на сите важечки акти на Берзата на англиски јазик и истите се објавени на веб страницата на Берзата со едновремено известување до членките на Берзата и до јавноста за новината.

Во текот на оваа година, Одборот на директори на Берзата донесе нов Правилник за внатрешна организација и систематизација на работни места, со кој се воведоа новини кои соодветствуваат на зголемениот обем на работа на Берзата и нова организациона поставеност на работните места на Берзата. Соодветно на тоа, беше донесен и нов Правилник за плати, наградување и финансиско напредување на вработените во Македонска берза АД Скопје. Врз основа на одредбите од овие правилници, беа изготвени и потпишани нови договори за работа помеѓу Берзата и вработените и согласно договорите, од страна на Главниот Извршен директор беа донесени поединечни решенија за утврдување на бодовната состојба по работни места.

Во месец Октомври 2007 година, Македонска берза АД Скопје склучи Договор за меѓусебна соработка со Народна банка на Република Македонија со кој се регулираат меѓусебните права и обврски на договорните страни при продажбата на акции од страна на Народна Банка согласно со Законот за банките, преку спроведување на јавна берзанска аукција на акции, согласно Анекс 2 “Правила за организирање на јавна берзанска аукција на акции во сопственост на државата” од Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје. Воедно, Во месец Ноември, Македонската берза АД Скопје и Централниот депозитар АД Скопје потпишаа Протокол за меѓусебна соработка во постапката на порамнување на трансакции при примарна понуда на хартии од вредност преку Берза.

На крајот на 2007 година, Одборот на директори донесе Одлука за измени и дополнувања на Правилата за тргување на Берзата со која се направија измени и со воведоа новини во работењето со групни сметки како и дополнување во работењето со групни сметки, промена на критериумот за премин на една хартија од вредност од режим на континуирано тргување во режим на фиксинг и обратно и вградување на концептот на минимално прифатлива количина (МПК) во Правилата за тргување. Оваа одлука е предадена во Комисијата за хартии од вредност за согласност.

Во текот на 2007 година, Македонската берза и понатаму активно учествуваше во работата на Групацијата за работење со хартии од вредност при Стопанската комора на Македонија, како и во работата на двете странски стопански комори во кои членува (Американската и Холандската).

И во текот на оваа година Македонската берза АД Скопје во повеќе наврати доставуваше одговори по доставени барања во рамките на судски и управни постапки претежно во врска со податоци за склучени берзански трансакции.

## 8. АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ИНФОРМАТИЧКАТА ОПРЕМА И ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА НА БЕРЗАТА

Во делот на информатичкото работење и техничката поддршка на Берзата во текот на 2007 година главните активности беа насочени на три полиња: 1) администрирањето и надградбите на БЕСТ системот, на кој се темели електронското тргување со хартии од вредност на Берзата и сите производи со информации кои произлегуваат од тргувањето со хартии од вредност; 2) спроведувањето на потребните набавки во делот на информатичката и техничка опрема за берзата; и 3) активностите во врска со информатичкото, телокомуникациското и техничкото подготвување, уредување и опремување на новите деловни простории на Берзата. Поконкретно, активностите во делот на информатичкото работење и техничката поддршка на Берзата во текот на 2007 година ги опфатија следните активности:

### 8.1. Администрирање и надградби на БЕСТ системот

*Подесување на новите пазарни сегменти* - На 22.02.2007 година, во БЕСТ системот беа воведени нови пазарани сегменти на Официјалниот пазар кои се однесуваат на друштвата котирани на подсегментот Суперкотација.

*Пуштање во работа на нови членки* - Согласно одлуките на Одборот на директори на Македонската берза за прием во членство на нови членки, дирекцијата за информатичка и техничка поддршка по налог на извршните директори на Берзата ги изврши сите неопходни активности за воспоставување на комуникациски линии со овие членки, инсталација на станици за тргување и конфигурирање на нивните рутери. Исто така, одделот изврши соодветни подесувања на БЕСТ системот, со што овие новите членки отпочнаа со тргување на Берзата.

*Изработка на web service за дистрибуција на берзански податоци до членките* - Согласно одлуката донесена на 59-тата седница на Одборот на директори одржана на

03.09.2007 година, одделот изработи апликација за дистрибуција на берзански податоци (web service) и техничка документација која е потребна за имплементација на соодветно апликативно решение од страна на членките на Берзата.

*Изработка и пуштање во употреба на нова верзија на апликациите БерзаНет и БерзаНет Надзор* - Поради застареност на апликациите за генерирање на извештаи БерзаНет (која ја употребуваат членките на Берзата) и БерзаНет-Надзор, дирекцијата за информатичка и техничка поддршка изработи нови подобрени верзии на истите. Новите верзии на овие апликации се базирани на ASP.NET платформата. Во нив се имплементирани напредни функционалности за цртање на графикони, пребарување низ податоците од тргувањето, печатење на извештаите, експорт на податоците во Excel. Исто така во новите верзии на овие апликации се додадени функционалности за испраќање на барања за специјален ден на порамнување.

**8.2. Спроведени набавки за потребите на Берзата**

*Набавка на нов WEB сервер* - Поради зголемениот број на посети на web страната на Македонската берза, во март 2007 година во употреба беше ставен нов сервер на кој се инсталираа сите web производи на Берзата (www.mse.com.mk, www.bestnet.com.mk, MSEDVWS, MSEEODWS, MSEDYWS). Овој сервер е со зголемени перформанси и овозможува поквалиетент пристап до споменатите производи преку интернет.

*Набавка на сервер за база на податоци за интернет продуктите* - Поради застареност на серверот за чување на базите на податоци кои се употребуваат за сите интернет производи на Берзата, како и поради зголемениот обем на употреба на интернет производите на Берзата, а по извршените тестирања на нов тестен сервер, се јави потреба од набавка на нов сервер за оваа намена. Одборот на директори на Берзата донесе одлука за набавка на оваа опрема, по што беше набавен сервер од типот HP Server ML 350 G5 и истиот беше пуштен во работа на 17.08.2007 година.

*Набавка на firewall* - Поради настанување на дефект на централниот firewall на Берзата, Одборот на директори на 13.07.2007 година донесе одлука за набавка на нов. Набавениот уред работи во целосна редунданса на производителот Cisco од типот ACA 5520 со дополнителен 4 портен гигабитен interface. Уредот беше испорачан и пуштен во употреба на 22.08.2007 година.

*Набавка на нов уред за архивирање на податоци на магнетни траки, инсталација, тестирање и пуштање во работа* - набавен е уред од типот Ultrium 920 SCSI со капацитетот на траките од 800Gb.

**8.3. Активности поврзани со новите деловни простории на Берзата**

Во делот на подготвителни активности во врска со селењето на Берзата во новите деловни простории, Дирекцијата за информатичка и техничка поддршка презеде низа активности со кои се обезбедија сите технички предуслови за преселба на системот за тргување и сите други подсистеми кои функционираат во Берзата. Воедно, согласно Програмата за работа за 2007 година, беа набавени и новите потребни уреди и опрема.

Во продолжение ќе бидат наведени некои од поважните активности на Одделот кои се однесуваа на преселбата на Берзата во новите деловни простории:

- Набавка и инсталација на уреди за непрекинато напојување;
- Набавка и инсталација на дизел агрегат за напојување со електрична енергија на сите потрошувачи во систем салата, како и некои други потрошувачи во новиот деловен простор на Берзата;
- Набавка и инсталација на систем за климатизација и вентилација за потребите во систем салата;
- Набавка на ормани за сместување на компјутерска и мрежна опрема;
- Набавка на switch ;
- Поготовка на доводната телефонска инсталација ;
- Извршено мерење на локалната компјутерска мрежа;

По извршените подотвителни активности и по успешно изведените тестирање на сите системи во новиот деловен простор на Берзата, на 10.10.2007 година, по завршувањето на тргувањето на тој трговски ден, се изврши целосно гасење на сите системи во старите деловни простории. Целата опрема беше пренесена во новите деловни простории на Берзата, беше извршена целосна монтажа на сите системи, истите беа пуштени во функција и се овозможи целосна комуникација на Берзата со сите членки. Исто така, во новите деловни простории се инсталира нова линија за овозможување пристап на резервните линии на членките со капацитет од 30 симултани конекции.

Потоа, на 11.10.2007 година се изврши интерно тестирање на сите системи во различни услови на работа, при што се тестираа комуникациите со членките, БЕСТ системот, сите интернет сервиси, интерниот систем за чување на податоци и резервната локација воспоставена во КИБС АД Скопје. Исто така се изврши преселба на другата техничка опрема на Берзата и нејзина инсталација на мрежата во новите деловни простории.

На 12.10.2007 година според планот за преселба се изврши успешна симулација на еден ден на тргување. Во оваа симулација учествуваа сите членки на берзата. Со ова беа заокружени сите активности на одделот за информатичка и техничка поддршка поврзани со преселбата во новите простории. Редовното тргување без никакви проблеми продолжи на 15.10.2007 година.

Дополнително по успешно реализираното селење во новиот објект на берзата се извршија уште следниве активности: поставување на дополнителна компјутерска и телефонска инсталација во деловниот простор на берзата предвиден за издавање; поставување на алармен систем, систем за видео надзор, систем за дојава на пожар и систем за контрола на пристап и др.

### 8.4. Други активности

*Превземање на изворниот код на СЕИНет и БЕСТ системите* – Во текот на деновите 22-26.01.2007 година во Љубљана беше потпишан Анекс бр.5 на Договорот за употреба на БЕСТ системот. Промената се однесуваше на тоа што се промени местото каде се депонира изворниот код на БЕСТ системот од Љубљана (кај овластен нотар) во Македонија (во просториите на Македонската Берза). Со овој анекс исто така,

Македонската Берза доби право по поднесено писмено известување до Љубљанската Берза во рок од 5 дена да изврши превземање на изворниот код. Исто така, во овој период беше договорено одржувањето на БЕСТ системот со овластената компанија за одржување на истиот – Новита ДД Љубљана.

Исто така, во текот на посетата на Љубљанската Берза беше потпишан договор за превземање на изворниот код на апликацијата СЕИНет. Договорот опфати превентивно одржување на оваа апликација во рок од 6 месеци и соодветни активности за превземање на изворниот код (презентација на архитектурата на системот, технологиите и методите употребени за изработка на оваа апликација).

*Промена на интернет провајдерот на Берзата* - По извршените анализи за тоа од каде доаѓа најголемиот сообраќај преку интернет беше констатирано дека истиот, со учество од околу 70%, доаѓа од мрежата на Македонски телекомуникации. Поради ова, а и поради зголемениот број на испади од страна на тогашниот интернет провајдер, Берзата отпочна преговори со Македонски телекомуникации за пристап на интернет преку овој интернет провајдер. Со ова трошоците на Берзата се зголемија, за сметка на зголемување на безбедноста и квалитетот на услугата до крајните корисници. Воедно, треба да се истакне дека ова подобрување на системот беше непоходно и од причина што СЕИ-НЕТ-системот за електронско информирање од страна на котираните акционерски друштва е интернет апликација.

## 9. ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Во организација на Македонската берза АД Скопје во текот на првата половина од 2007 година продолжи реализацијата на вториот циклус на едукативниот проект "Студентска берза", кој започна во Октомври 2006 година. Во периодот Јануари – Јуни 2007 година Берзата преземаше активности за сервисирање на апликацијата, промоција на проектот и на доделувањето на наградите на најдобрите учесници на месечно ниво. По повод успешното завршување на овој циклус на проектот, на 10.07.2007 година беа промовирани најдобрите учесници во овој проект и беше доделени награди на двајца учесници кои што на годишно ниво имаа постигнато најдобри резултати. На 01.10.2007 година со почетокот на новата студентска година започна третиот циклус од едукативниот проект „Студентска берза". Третиот циклус започна мошне успешно, со зголемен број на учесници во проектот. Берзата и во овој циклус обезбеди покровители на проектот и продолжи со праксата на најдобрите пет учесници на месечно ниво да им се доделуваат награди. Во поглед на промоцијата на проектот, берзата изготви промотивни флаери кои ги дистрибуираше во осум високообразовни институции, а на веб страниците на неколку универзитети беа поставени банери и директни линкови до самиот проект.

Како резултат на праксата што берзата ја има воспоставено со средните училишта и високообразовните институции во Република Македонија за организирани посети на групи ученици и студенти на берзата, во текот на целата година беа реализирани бројни посети од повеќе средни училишта и факултети од неколку градови во Македонија, за време на кои беше презентирана организационата поставеност и начинот на работа на

берзата и на останатите институции на пазарот на хартии од вредност, а воедно беше презентиран и берзанскиот електронски систем за тргување БЕСТ.

На почетокот на месец Февруари во просториите на Македонската берза се одржа еднодневен едукативен семинар за новинари на тема „Улогата на медиумите во следењето на пазарот на хартии од вредност” на кој свои презентации имаа експерти од областа на работење со хартии од вредност. На семинарот присуствуваа поголем број на новинари од електронските и печатените медиуми.

Поддржувајќи ги Intership програмите и практичното усовршување, во 2007 година на Берзата во два наврати престојуваа практиканти (преку New York University Skopje и преку Проектот за деловно опкружување на USAID), кои за време на нивниот престој се запознаа со начинот на кој што се одвива работењето на берзата и ги запознаа карактеристиките и начинот на функционирање на пазарот на хартии од вредност, а воедно на вработените на Берзата им помагаа во извршувањето на секојдневните активности.

Врз основа на одлука донесена од Одборот на директори на Македонската берза на седницата одржана на 31.10.2007 година, а со цел стимулирање на развојот на научната мисла и изработка на трудови од областа на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија, на почетокот на месец ноември берзата објави конкурс за годишна награда за истражувачки труд од областа на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија. Наградата за најдобар истражувачки труд ќе биде доделена за време на IX Годишна конференција на Македонската берза што ќе се одржи во 2008 година.

## 10. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

Главен промотивен настан во првото тромесечие од 2007 година беше одржувањето на VIII Годишна Конференција на Македонската берза во периодот од 29-31 Март 2007 година во Охрид. Оваа Годишна Конференција за прв пат меѓународна по својот карактер, беше место каде што се состанаа над 250 учесници од повеќе земји во регионот: Словенија, Хрватска, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Бугарија, Грција, како и учесници од Турција, Австрија, Финска, Англија и Словачка. Се одржаа панел дискусии на следниве теми: “Што ќе се случи и што ќе се случува на македонскиот пазар на хартии од вредност?”, “Регулативата на македонскиот пазар на хартии од вредност-новини, планови, идеи”, “Берзански интеграции-зошто воопшто и зошто сега?”, “Македонски банкарски предизвик”, „Пазарот на хартии од вредност како извор на финансирање”, “Финансирање на локална самоуправа и пазарот на хартии од вредност”, “Подобрување на стандардите за инвестирање во Македонија”. Конференцијата ја отвори г-дин Трајко Славески, Министер за финансии во Владата на Република Македонија. На конференцијатаземаа учество домашни и странски експерти од областа на пазарот на хартии од вредност. Од страна на учесниците на Конференцијата, истата беше оценета како успешна и корисна бидејќи претставуваше исклучителна можност на едно место да се соочат ставовите на финансиските посредници, на инвеститорите, на котираните компании, на регулаторите и на организаторите на пазарот на хартии од вредност. Беа преземени сите потребни логистички активности за успешна организација и реализација на конференцијата.

Собирањето на голем број пазарни учесници од повеќе земји беше искористено од страна на членките на Македонската берза присутни на конференцијата за голем број на билатерални контакти со присутни претставници на повеќе институционални инвеститори од други земји.

На 10.05.2007 година Претседателот на Владата на Република Македонија, г-дин Никола Груевски, на негово барање, оствари работна посета на Македонската берза АД Скопје, во присуство на извршните директори на Берзата. Во рамките на посетата, г-дин Груевски беше информиран за резултатите од работењето на Македонската берза и актуелните случувања на пазарот на хартии од вредност.

Во текот на второто тромесечие од 2007 година беа одржани неколку состаноци со претставници од Техничката мисија на ММФ, Европската Комисија и Moody's, на кои беше претставено работењето на Македонската берза и резултатите од тргувањето со хартиите од вредност на Берзата.

Во почетокот на месец Јули во дневниот бизнис магазин Financial Times, во рамките на специјалниот извештај за Република Македонија беше објавена реклама за Македонската берза која се состоеше од логото, контакт информации и т.н. тизер за Берзата, со цел промовирање на Берзата пред пошироката меѓународна инвеститорска јавност.

На 24 и 25.10.2007 година во Скопје се одржа вториот Македонски бизнис и инвестициски самит што го организираа The European Finance Convention и македонската Агенција за странски инвестиции. На собирот учествуваа претставници на голем број реномирани домашни и странски компании, финансиски институции и потенцијални инвеститори кои имаа можност поконкретно да се запознаат со можностите и условите за инвестирање во Република Македонија. Свое излагање на самитот имаше и Главниот Извршен директор на Македонската берза Иван Штериев.

Како резултат на потпишаниот Меморандум за разбирање помеѓу Македонската берза АД Скопје и Проектот за деловно опкружување на USAID во текот на месец октомври 2007 година започна реализацијата на проектот "МБМонитор" – неделен берзански веб магазин. Промоцијата на овој веб магазин се одржа на 10.10.2007 година. МБМонитор претставува извор на информации и новости од светските и регионалните пазари на капитал, а воедно преку овој портал ќе се објавуваат сите новини и информации од областа на корпоративното управување со цел доближување на проблематиката на корпоративното управување до македонската јавност.

На 13.11.2007 година беше одржана промоција на "Прирачникот за корпоративно управување во македонските акционерски друштва", прва публикација од ваков вид во Република Македонија. Иницијативата за изработка на прирачникот произлезе од Македонската берза АД Скопје, а истата беше поддржана од страна на Проектот за корпоративно управување на Меѓународната финансиска корпорација (IFC) и Проектот за деловно опкружување во Македонија на Американската агенција за меѓународен развој (USAID). Целта на изработката на овој Прирачник е да им помогне на македонските акционерски друштва да ги препознаат придобивките на доброто корпоративно управување и да ги воочат ризиците од одложувањето на неговата

примена. Во тек е подготовката на вториот дел од Прирачникот за корпоративно управување чија промоција е предвидена да се одржи во април 2008 година, за време на годишната конференција на Македонската берза.

Во текот на 2007 година извршните директори на Македонската берза одржаа две редовни конференции за медиумите за време на кои беа презентирани резултати од работењето на Македонската берза АД Скопје (на почетокот на годината и по истекот на шестомесечието). Целта, пак, на конференцијата за медиуми што се одржа на почетокот на месец Декември 2007 година беше да се даде осврт на настаните поврзани со котираното друштво АДГ Маврово Скопје кои што ја разбрануваа домашната јавност. Во текот на 2007 година Берзата одржа и неколку неформални состаноци со претставници од медиумите за време на кои беше разговарано за теми од областа на тргувањето со хартии од вредност и беа презентирани новите Правилата за котација на хартии од вредност на Берзата (со кои на Официјалниот пазар се воведе нов подсегмент Супер котација), новините во Процедурите за тргување на Берзата (во поглед на пресметување на базната цена на хартиите од вредност и промените во режимот на тргување на хартиите од вредност) и други актуелни теми од пазарот на хартии од вредност.

Во текот на годината извршните директори на берзата дадоа интервјуа и изјави за повеќе дневни и неделни печатени медиуми, како и во неколку електронски медиуми. Главниот Извршен директор даде интервју и во словенечкиот дневен весник “FINANCE”, учествуваше во емисијата “Чуму” на А1 Телевизија која беше посветена на Берзата и тргувањето со хартии од вредност, а воедно беше гостин и на емисијата “Х/О” на Канал 5 Телевизија.

Во текот на целата година берзата редовно објавуваше дневни и периодични извештаи од тргувањето. Подетални информации за тргувањето на месечно, полугодишно и годишно ниво, јавноста добиваше и преку билтените кои берзата ги објавуваше и дистрибуираше.

Берзата и во текот на 2007 година ја продолжи соработката со повеќето медиуми кои сеопфатно и аналитички ги презентираа перформансите од тргувањето на хартиите од вредност на Македонската берза. Во месец Август 2007 година помеѓу Македонската берза АД Скопје и НЕТ ПРЕС КОМ ДОО Скопје беше потпишан Договор за деловна соработка, согласно кој на веб страницата на интернет магазинот Нет Прес се прикажува тикерот со движењето на цените на тргуваните хартии од вредност на Берзата и истите се прикажуваат со доцнење од 20 минути. Исто така, ваков тикер е поставен на веб страницата на интернет весникот “Секој ден”.

## 11. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во 2007 година Македонската берза оствари интезивна и значајна соработка, како на регионално ниво, така и на пошироко меѓународно ниво.

Во текот на месец Февруари, по барање на холдингот берзи - ОМХ, во посета на Македонската берза престојуваше нивни претставник при што беше презентирано работењето на Македонската берза АД Скопје во изминатите години и беше остварен

работен состанок со преставници од Одброт на директори на Берзата. На состанок со преставниците од Одборот, претставникот на холдингот берзи ОМХ ја презентираше нивната стратегија во врска со берзите од централна и источна Европа. На покана на OMX Group, претставници на Одборот на директори на Берзата оствариja работна посета на ОМХ Стокхолм и ОМХ Копенхаген. Целта на посетата беше дополнително да се разгледаат можностите за стратешка соработка помеѓу Македонската берза и OMX Group. Со цел продолжување на започнатите разговори, претставници на ОМХ групацијата на 03 и 04.12.2007 година беа во Скопје на работна посета на Македонската берза.

Во месец Април во Белград се одржа средба на берзите од Југоисточна Европа на која се разговораше за можните насоки за идна соработка на берзите од регионот. На средбата беше заклучено да се редизајнира и обнови заедничкиот интернет портал, беше разгледана можноста за пресметување на заеднички индекс на берзите од регионот кој би можел од секоја берза поединечно да се користи во комерцијални цели (продажба на заинтересирани страни за издавање на хартии од вредност базирани на индексот), а беше разговарано и за можностите за заедничка соработка во доменот на промоција на берзите преку организирање на зеднички т.н. road-show.

Во месец Мај во посета на Македонската берза беа претставници на Атинската берза (Hellenic Exchanges) кои одржаа презентација на XNET – платформа за меѓусебно поврзување на берзите од регионот. Во рамките на предлогот за заедничка соработка, претставниците на Hellenic Exchanges истакнаа дека XNET – платформата би можела да биде интересна за Македонската берза, по што беше заклучено дека се потребни дополнителни испитувања за согледување на сите аспекти околу можностите за поврзување на берзите.

Еден од настаните кој по своето значење му даде обележје не само на последниот квартал, туку и на целата 2007 година беше потпишувањето на Меморандумот за партнерство помеѓу берзите од Белград, Скопје, Загреб и Љубљана. Претставниците на овие берзи на 20.12.2007 година во Скопје го потпишаа овој документ и истиот претставува најава за потесна соработка помеѓу овие берзи на полето на промоција на регионалниот пазар на хартии од вредност; меѓународна промоција на регионалните издавачи на хартии од вредност и производи; понатамошен развој на регионални финансиски инструменти, услуги и членки на берзите и координирање, развој и институционализација на оваа соработка. Примарната цел на Меморандумот за партнерство е да овозможи понатамошен развој на регионалниот и националните пазари на хартии од вредност и истиот е во функција на излегување во пресрет на потребите на големите меѓународни и регионални актери на пазарот. Планираните активности вклучуваат развој и лансирање на регионален индекс кој ќе ги следи општите ценовни движења на сите берзи потписнички на Меморандумот и регионален индекс кој ќе ги следи цените на одредени хартии од вредност во регионот (на кој би можеле да се базираат определени структурни производи), подготвување и организација на регионално и меѓународно претставување на определени котирани компании пред инвеститорската јавност и заедничко претставување преку регионална веб страница.

Исто така, во текот на 2007 година постоеја контакти и соработка и со берзата во Виена. Имено, Виенската берза е иницијатор за формирањето на Комитет на берзите од Централна и Југоисточна Европа, во чија работа активно учество земаат берзите од

регионот. Активностите на комитетот се насочени кон градење на основи за хармонизација на практиките и правилата врз основа на кои функционираат поединечните берзи, при што особено се имаат предвид директивите на Европската унија што се однесуваат на пазарите на капитал.

Врз основа на активностите предвидени во Меморандумот за соработка помеѓу Македонската и Виенската берза, а во соработка со Групацијата со работење со хартии од вредност при Стопанската комора на Македонија, на почетокот на месец Февруари беше остварена студиска посета на Виенската берза, на која учествуваа претставници од Берзата, Депозитарот и брокерските куќи/банките. Во рамките на посетата, македонските претставници имаа можност преку одржаните презентации да се запознаат со институциите и начинот на функционирање на австрискиот пазар на хартии од вредност, како и да остварат непосредно средби со претставници од реномирани банки.

Во организација на Групацијата за работење со хартии од вредност при Стопанската комора претставници на берзата и на неколку членки на берзата во периодот од 13-16.12.2007 година оствариja посета на берзата во Софија. За време на посетата со претставниците на овие институции беа разменети мислења за состојбите на пазарот на хартии од вредност во Македонија и во Бугарија.

Во текот на 2007 година претставници на Берзата беа присутни и зедоа активно учество и во работата на меѓународните организации каде Македонска Берза АД Скопје е членка. Имено, кон крајот на месец Јуни, претставници на Берзата престојуваа во Брисел на Годишната Конвенција на Федерацијата на европски берзи (FESE), а во текот на 2007 година претставници на Берзата учествуваа во работата на работните тела на Федерацијата на Евроазиските берзи (FEAS).

Исто така, претставници на Берзата учествуваа со свои презентации на конференции организирани од неколку регионални берзи (Љубљана, Подгорица, Белград и Солун), а имаа и работни состаноци со претставници на берзите од регионот со цел развивање на понатамошната регионална соработка и заедничкиот настап на берзите. На конференциите, меѓу другото, е разговарано и за перспективите на регионалната соработка и можноста за креирање на заеднички индекси и други видови на заеднички продукти. Во рамките на ваквите посети, во голем број прилики беа остварени средби и со институционални инвеститори, при што беше разговарано за перформансите на македонскиот пазар на хартии од вредност и институционалната поставеност на пазарот.

## 12. АКТИВНОСТИ ВО ВРСКА СО НОВИОТ ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА БЕРЗАТА

Во 2007 година се реализираше активноста на набавка на сопствен деловен простор за Берзата, во согласност со Одлуката на Собранието на акционери на Берзата за измени и дополнување на Одлуката за голема зделка од 09.11.2006 година. Притоа, за опреционализација на набавката на деловен простор за Берзата беа спроведени голем број активности (беше потпишан Преддоговор за купопродажба на недвижниот имот помеѓу Берзата и Комерцијална банка во кој беа регулирани правата и обврските на секоја договорна страна, по што следеше и потпишување на Купопродажен договор на

ден 29.05.2007 година, беше извршено плаќањето на договорената цена, плаќањето на соодветните даночни обврски, за да потоа следи и добивањето на имотен лист во кој Македонска Берза АД Скопје е упишана како сопственик на деловниот простор на ул.Орце Николов 75, Скопје).

Во второто и третото тромесечие од 2007 година забрзано се работеше околу адаптација на новиот деловен простор заради негово целосно уредување и оспособување за непречно работење на Берзата, непречно фунционирање на електронскиот систем на тргување, како и заради создавање на соодветни работни услови за вработените на Берзата. Оттаму, во овој период беа преземени голем број на активности поврзани со градежни работи, подготовка на електрични инсталации и мрежно поврзување и обезбедување услови за инсталирање на дизел агрегат заради енергетска стабилност и континуитет во функционирањето на БЕСТ системот. Исто така, беа преземени и голем број активности за внатрешно уредување на новиот деловен простор. Воедно, беше изготвен план за преселба во новите деловни простории, како и координација на активностите во врска со планот за селење на телекомуникациските линии со Македонски Телекомуникации АД Скопје и на компјутерската опрема во соработка со Неоком АД Скопје, со цел активностите околу преселбата да не се одразат и да не го нарушат процесот на работење на Берзата, а особено да нема непотребни прекини во тргувањето со хартии од вредност на Македонската Берза.

Во текот на месец октомври беа финализирани работите околу опремувањето на новиот деловен простор, по што следеше преселување на целокупната опрема, документација и системот за тргување на берзата. Почнувајќи од 15.10.2007 година берзата официјално својата работа ја обавува од новите деловни простории. При процесот на преселбата, тргувањето со хартии од вредност се одвиваше непречено.

## 13. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2007 ГОДИНА

Во 2007 година Македонската берза АД Скопје, оствари **вкупен приход** во износ од **348.726.694 денари** и истиот е за 103% повисок во однос на остварениот во 2006 година. Ова зголемување на приходот се должи пред сé на зголемување на приходите од надоместот за тргување.

Најголемиот дел од приходите во износ од 323.978.273 денари или 92,9% од вкупните приходи е остварен по основ на надомест за тргување и истите се за 105 % повисоки во однос на остварените во 2006 година. Кај приходот од класичните трансакции има зголемување од 233% (од 80.937.107 денари во 2006 година на 269.143.048 денари во 2007 година). Остварениот приход од берзанска провизија кај блок трансакциите бележи намалување од 10% во однос на истиот во 2006 година, приходот од тргувањето при јавни берзански трансакции бележи намалување од 98% и приходите од берзанска провизија кај обврзниците бележи намалување од 28%.

Приходите остварени од камата на орочени депозити кај банките и од камата на депозити по видување, изнесуваат 9.465.924 денари и претставуваат 2.71 % од вкупните приходи. Зголемување на овие приходи од 42% во најголема мерка се должи на зголемување на износот на пласираните средства како депозити од 87,7 милиони денари

на 01.01.2007 година на 222,4 милиони денари на 31.12.2007 година. По основ на вложени средства во државни записи на годишно ниво е остварен приход во износ од 1.703.434 денари. Кај овие приходи имаме намалување од 18% од причина што е намален износот на вложувања во државни записи (слободните парични средства се пласирани како депозити во банки) поради намалената стапка на камата по државните записи.

Приходите по основ на надомест за прием во членство изнесуваат 1.980.000 денари. Овој приход е резултат на прием на шест нови членки на Берзата: ВИП АД Скопје, Публикум АД Скопје, Сензал АД Скопје, Динев брокер АД Скопје, Ауцтор брокери АД Скопје и Бета брокер АД Скопје. Во овој период не е остварен приход од членарина затоа што согласно Одлуката на Одборот на директори од 01.03.2005 година, почнувајќи од 01.03.2005 година членките се ослободени од плаќање членарина.

Остварени се и приходи по основ на котациона провизија во износ од 3.800.000 денари или 1,12% од вкупните приходи и овие приходи се за 11% помали во споредба со 2006 година. Намалувањето се должи на исклучување од котација на 5 друштва во текот на 2007 година.

Во 2007 година Берзата оствари и други приходи во износ од 7.699.064 денари што се за 178% повисоки во споредба со истите во 2006 година. Ова се приходи остварени од берзанска такса за приклучок на Бест системот, приходи по основ на наплатени сомнителни и спорни побарувања, надомест за полагање на испит, користење на веб страницата на Берзата за објавување на јавен повик за нова емисија на акции и за понуди за преземање на акционерски друштва, приходи од СМС пораки, приходи од продажба на Интернет сервисот БЕСТНЕТ и МБ-Нет, приходи од котизација на посетители на 8-мата годишна конференција, донација и друго. Најголемо учество во другите приходи имаат приходите од продажба на Интернет сервисот БЕСТНЕТ во износ од 3.554.044 денари (694.805 денари во 2006 година или зголемување од 411%); приходи од котизација на посетители на Годишната конференција во износ од 1.274.821 денари (во 2006 година нема приход по овој основ); наплатени сомнителни и спорни побарувања во износ од 856.032 денари; приходи од берзанска такса за приклучок на Бест системот во висина од 834.000 денари; приход од дистрибуција на берзански податоци од 177.433 денари.

**Вкупните расходи** остварени во 2007 година изнесуваат **87.085.624 денари** и истите се номинално за 26% повисоки од остварените во 2006 година кога истите изнесувале 69.082.705 денари. На зголемувањето на расходите во 2007 година во однос на расходите во 2006 година најголемо влијание има зголемувањето на надоместокот за реализирани берзански трансакции за Комисијата за хартии од вредност од 44% (што се должи на зголемените приходи од берзански трансакции) и трошоци за амортизација за 33% поради набавката на сопствен деловен простор и набавка на нови основни средства во текот на 2007 година. Доколку расходите на Берзата во 2007 година се прилагодат за износот на надоместокот кој Берзата го префрла во КХВ, истите изнесуваат 39.866.739 денари наспроти соодветно прилагодените расходи од 37.432.354 денари во 2006 година што претставува зголемување од околу 7%.

Во 2007 година за трошоци за провизија за извршени услуги и слични трошоци направени се расходи во износ од 47.451.842 денари, што претставува 54,49% од вкупните расходи. Во овие трошоци, со 99,5% учествува надоместот од реализирани берзански

трансакции за Комисијата за хартии од вредност, во износ од 47.218.886 денари. Кај овие расходи имаме зголемување од 149% во однос на истите минатата година што се должи на зголемени приходи по основ на надомест од тргување. Останатите трошоци се однесуваат на провизии од банки.

За Општи и аминистративни трошоци и амортизација, направени се расходи во износ од 38.086.426 денари. Во тие рамки трошоците за бруто плати на вработените се реализирани во износ од 12.117.762 денари и истите учествуваат во вкупните расходи со 13,92%. Кај бруто платите во 2007 година во однос на планот има остварување од 97%. Бруто платите на извршните членови на Одборот на директори изнесуваат вкупно 4.632.146 денари, односно 2.664.313 денари и 1.967.833 денари за Главниот извршен директор и Извршниот директор, респективно.

Трошоците по основ на колективен договор изнесуваат 1.828.005 денари и претставуваат 2,1% од вкупните расходи за 2007 година. Во однос на 2006 година имаме зголемување од 13% што се должи на зголемениот број на вработени во 2007 година во однос на 2006 година. Овие трошоци се направени за исхрана (416.770 денари), превоз на вработените (188.585 денари), за регрес за годишен одмор (222.727 денари), награди за вработените согласно одлука на Одборот на директори (999.922 денари).

Годишната награда пресметана согласно договорите за уредување на меѓусебните односи помеѓу Берзата и извршните членови на Одборот изнесува 2.333.334 денари во бруто износ, односно 1.333.334 денари и 1.000.000 денари за Главниот извршен директор и Извршниот директор, респективно. Согласно одлуката за годишен надомест на неизвршните членови на Одборот на директори, донесена на седница на Собранието на акционери од 30.03.2006 година пресметан е годишен надомест на неизвршните членови на Одборот на директори во вкупен бруто износ од 2.333.334 денари (односно по член од 90.079 денари до 296.776 во зависност од времетраењето на мандатот).

Материјалните и слични трошоци изнесуваат 1.603.531 денари или 1,84% од вкупните расходи (трошоци за електрична енергија, топлификација, весници, стручна литература, хигиена, канцелариски материјал и слично) и истите се во висина на планираните за 2007 година.

Трошоците за услуги изнесуваат 9.541.412 денари и истите учествуваат со 12,5% во вкупните расходи и се за 10,95% поголеми во однос на 2006 година. Од нив 1.111.013 денари отпаѓаат на услуги поврзани со организацијата на 8-мата годишна конференција (остварен е и соодветен приход од котизација на посетители на конференцијата). Во остварените трошоци за услуги, поголемо учество имаат трошоците за закупнина во износ од 1.785.668 денари, услуги за тековно одржување на опремата во износ од 1.469.437 денари, за телефонски услуги (трошоци за комуникациско поврзување на членките со БЕСТ системот на Берзата и трошоци од редовното работење на Берзата) во износ од 2.377.198 денари. Останатите трошоци за услуги се направени за користење на Интернет, печатарски услуги, интелектуални услуги, фотокопирање и друго.

За службени патувања во текот на годината се направени трошоци во износ од 1.214.064 денари. Кај овие трошоци има зголемување од 24% во однос на истите лани, а се за 21% повисоки од планираните за 2007 година. Зголемувањето се должи на интензивната активност на Берзата како на регионално, така и на пошироко меѓународно ниво. Во

рамките на овие активности, а со оглед на стратешкото значење на определени проекти, учество земаа и неизвршни членови на Одборот на директори.

Трошоците за надомест за Одборот на директори изнесува 1.418.184 денари и тие изнесуваат 1,63% од вкупните расходи. Кај овие трошоци имаме намалување од 24% споредено со истите во 2006 година. Намалувањето се должи на намалениот број на неизвршни членови на Одборот на директори во 2007 година и на намалување на стапката за персоналниот данок од 15% во 2006 година на 12% во 2007 година.

Трошоци за обука на вработените се остварени во износ од 355.578 денари што претставува остварување од 71% од планираните за 2007 година.

Трошоците за репрезентација, реклама и пропаганда изнесуваат 2.604.032 денари и претставуваат 2,99% од вкупните расходи, односно се во рамките на планираните за 2007 година.

Други административни трошоци се однесуваат на осигурување на имот и лица во висина од 437.688 денари. Зголемувањето од 8% во споредба на 2006 година се должи на осигурувањето на новонабавениот деловен простор и новонабавената опрема.

Амортизацијата на средствата е пресметана во износ од 2.016.747 денари, што претставува 2,32% од вкупните расходи. Амортизацијата на основните средства е пресметана со праволиниска метода, согласно Уредба со примена на амортизациони стапки утврдени со Номенклатурата на средствата за амортизација.

Трошоци за истражување и развој се остварени во висина од 282.758 денари. Ова се трошоци направени за изготвување на студијата „Анализа за оправданоста и можностите за измена на постојниот систем на надоместоци" и трошоци за развој на веб порталот МБ- Монитор (при што истите се покриени од донација од USAID).

За Други трошоци и вонредни расходи, направени се трошоци во износ од 483.818 денари. Овие расходи се направени за членарини: во Федерација на Евроазиски берзи (FEAS), членарина за Федерацијата на Европски берзи (FESE), членарина за Американска Стопанска комора, за Стопанска комора на Македонија, членарини за бизнис кредитни картички, судски и административни такси.

За Исправка на вредност на побарувања направени се трошоци во износ од 1.063.539 денари. Направена е 100% исправка на вредноста на побарувања од одреден број котирани акционерски друштва за неплатен надомест за котација постари од една година и побарувања од 2007 година за кои е проценето дека има потешкотии во наплатата, согласно усвоените Сметководствени политики на Берзата.

* * *

Како резултат од повеќе остварени приходи од расходи, Берзата по Годишната сметка за 2007 година оствари **добивка пред оданочување** во износ од **261.641.070 денари**.

Пресметан е данок од добивка во износ од 32.388.670 денари, а остварената **нето добивка** за 2007 година изнесува 229.252.400 денари.

Во 2007 година е остварена **нето профитна стапка од 65,74% (нето добивка/вкупни приходи).**

**Вкупната актива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2007 година изнесува **392.771.227 денари.** Во структурата на активата доминираат најликвидните средства (парични средства, депозити во банки орочени до три месеци и државни записи со рок на доспевање од три месеци) со 74% учество (290.095.459 денари) што придонесува за висока финансиска стабилност на берзата. Учеството на основните средства изнесува изнесува 22,8% од вкупната актива, а побарувањата се 13.115.967 денари или 3,3% учество (11.534.292,50 денари или 88% од побарувањата се побарувања за надомест за тргување за месец Декември 2007 година).

**Вкупната пасива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2007 година изнесува **392.771.227 денари.** Вкупните обврски во 2007 година изнесуваат 31.572.576 денари. Од тоа, обврските за даноци се во износ од 21.564.167 денари, обврски кон добавувачи 4.004.501 денари и други обврски во висина од 6.003.928 денари. Акционерскиот капитал на Македонска берза АД Скопје на 31.12.2007 година изнесува 103.497.760 денари. Во резерви се распределени 28.448.471 денари**.** Добивката по оданочување од тековна година изнесува 229.252.400 денари.

**Стапката на поврат на акционерскиот капитал** (нето добивка/капитал) во 2007 година изнесува 63,47% (напомена: во износот на капиталот е вклучен целосниот износ на добивката по оданочување остварена во 2007 година).

**Скопје, Февруари 2008 година**

**Главен Извршен директор, Иван Штериев** __________________

**Извршен директор, Елена Јакимовска Петровска** ____________

# П Р И Л О Г

ГОДИШНА СМЕТКА НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА
**31.12. 2007 година**

### АКТИВА

**Во денари**

| Назив | 2006 | 2007 | Индекс 2007/2006 |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 1,Парични средства | 1,159,567 | 2,044,464 | **176** |
| 2.Државни записи | 62,558,627 | 65,624,844 | **105** |
| 3.Депозити | 87,700,992 | 222,426,152 | **254** |
| 4.Основни средства | 3,162,291 | 89,559,801 | **2,832** |
| 5,Побарувања | 14,752,854 | 13,115,967 | **89** |
| **ВКУПНО АКТИВА** | **169,334,331** | **392,771,227** | **232** |

### ПАСИВА

**во денари**

| Назив | 2006 | 2007 | Индекс 2007/2006 |
|---|---|---|---|
| Обврски | 20,428,101 | 31,572,596 | **155** |
| Запишан капитал | 51,652,000 | 103,497,760 | **200** |
| Резерви | 10,406,711 | 28,448,471 | **273** |
| Добивка од тековна година | 86,847,519 | 229,252,400 | **264** |
| **Пасива** | **169,334,331** | **392,771,227** | **232** |

**ГОДИШНА СМЕТКА НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

**За период Јануари-Декември 2007 година**

| РАСХОДИ | 2006 | 2007 | План 2007 | Индекс 2007/2006 | Оств. на план % |
|---|---|---|---|---|---|
| **I. Трошоци за провизии и извршени услуги од домашни лица** | **31,812,679** | **47,451,842** | **36,200,000** | **149** | **131** |
| 1. Провизии од банки и камата за кредит | 162,328 | 232,957 | 200,000 | **144** | **116** |
| 2.Берзанска провизија за Комисија за хартии од вредност | 31,650,351 | 47,218,886 | 36,000,000 | **149** | **131** |
| **II. Општи и административни трошоци и амортизација** | **35,121,063** | **38,086,426** | **40,034,544** | **108** | **95** |
| 1. Вкалкулирани бруто плати | 11,209,514 | 12,117,762 | 12,500,000 | **108** | **97** |
| 2. Трошоци по основ на колективен договор | 1,619,996 | 1,828,005 | 2,140,000 | **113** | **85** |
| 3. Годишна награда по менаџерски догов. | 2,386,364 | 2,333,334 | 1,431,818 | **98** | **163** |
| 3. Материјални и слични трошоци | 1,361,276 | 1,603,531 | 1,600,000 | **118** | **100** |
| 4. Трошоци за услуги | 8,645,207 | 9,541,412 | 9,000,000 | **110** | **106** |
| 5. Одбор на директори | 1,870,586 | 1,418,184 | 1,840,908 | **76** | **77** |
| 7. Годишна награда на Одбор на директори | 2,386,364 | 2,333,334 | 1,431,818 | **98** | **163** |
| 8. Трошоци за службени патувања | 981,343 | 1,214,064 | 1,000,000 | **124** | **121** |
| 9. Трошоци за обука на вработени | | 355,578 | 500,000 | | **71** |
| 10. Трошоци за репрез,реклама и пропаганда | 2,736,605 | 2,604,032 | 2,700,000 | **95** | **96** |
| 11. Други адм.трошоци(осигурување) | 405,132 | 437,688 | 440,000 | **108** | **99** |
| 12. Амортизација | 1,518,676 | 2,016,747 | 2,450,000 | **133** | **82** |
| 13.Трошоци за истражување и развој | | 282,758 | 3,000,000 | | **9** |
| **III. Други трошоци и вонредни расходи** | **550,931** | **483,818** | **1,350,000** | **88** | **36** |
| **IV.Исправка на вредност на побарувања** | **1,598,032** | **1,063,539** | **500,000** | **67** | **213** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **69,082,705** | **87,085,624** | **78,084,544** | **126** | **112** |
| | | | | | |
| **ПРИХОДИ** | | | | | |
| 1. Камати по основ на депонирани средства во банки | 3,904,025 | 9,465,924 | 4,500,000 | **242** | **210** |
| 2. Надомест за прием и членство | 660,000 | 1,980,000 | 660,000 | **300** | **300** |
| 3. Надомест од тргување | 158,251,759 | 323,978,273 | 180,000,000 | **205** | **180** |
| 4. Камата од државни записи | 2,081,422 | 1,703,434 | 2,400,000 | **82** | **71** |
| 5. Приходи од котирање | 4,400,000 | 3,900,000 | 4,000,000 | **89** | **98** |
| 6.Други приходи | 2,767,655 | 7,699,064 | 6,000,000 | **278** | **128** |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ:** | **172,064,861** | **348,726,694** | **197,560,000** | **203** | **177** |
| | | | | | |
| **ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **102,982,156** | **261,641,070** | **119,475,456** | **254** | **219** |
| **ДАНОК ОД ДОБИВКА** | **16,134,637** | **32,388,670** | | | |
| **ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ** | **86,847,519** | **229,252,400** | | | |